ЕКОЛОГИЈА
И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Година 15 | Број 121

БИДИ ЗЕЛЕН
- едукативна кампања
- музички настан



ИНТЕРВЈУ:
ТОНИ ЗЕН И СЛАТКАР

ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА - ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА

ИНТЕРВЈУ - KJETIL PAULSEN
Амбасадор на Норвешка во Македонија

еден до друг
различни, а еднакви

Прифаќање на разноличноста

Зошто е тоа добро за вашиот бизнис?



Дискриминација означува секое разликување, исклучување, ограничување или давање предност, кое се заснова на некое лично својство и кое доведува до нееднакво постапување со луѓето во еднакви или слични ситуации, односно до неможност луѓето да ги остварат и практикуваат основните права и слободи.

Прифаќање на разноличноста, покрај обезбедување на заштита од дискриминација, значи и сфаќање како разликите и сличностите на луѓето може да се мобилизираат за да има корист поединецот, организацијата и општеството во целина.

Која е корист за вашиот бизнис од ефективно раководење со различноста?

Последните истражувања покажуваат како создавањето и раководењето на разнолична организација може да обезбеди реална корист, без оглед дали тоа е во приватниот, јавниот или граѓанскиот сектор, без оглед дали е голема или мала.

Неколку примери...

Подобри телеком-услуги за хендикепираните. Со воспоставување партнерство со групи на лица со хендикеп, организација за телекомуникациски услуги ја зголеми свеста на вработените и ги подобри услугите согласно потребите на овие клиенти.

Продажбата на услуги на лицата со хендикеп се зголеми и се подобри атмосферата за пазарење за сите потрошувачи.

Банка за сите заедници. Сместена во една област со различни етнички малцинства, една банка почна да вработува локален персонал кој го зборува јазикот на малцинските заедници и развиј врски со фирмите во сопственост на малцинствата во таа област. Независните анкети покажаа дека банката е почитуван дел од локалната заедница.

Флексибилни опции за отсуства за жените и за мажите. Една граѓанска организација воведе низа фле-ксибилни опции за да ги земе предвид потребите на вработените за воспоставување рамнотежа меѓу работата и родителските одговорности, како за жените, така и за мажите. Ова директно доведе до зголемен број жени кои се враќаат по породилно отсуство, мерливи подобрувања во задоволството на вработените и намалување на трошоците за менување на работната сила.

МЦМС Македонски центар за меѓународна соработка
во коалиција со граѓански организации
www.ednakvi.org.mk

Европска година на еднакви можности за сите

ЕКОЛОГИЈА
И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Импресум:

Здружение за заштита на природата и здравјето

Гоу Грин -
Здружение на граѓани за заштита на животната средина и одржлив развој

Ревија ЕКОЛОГИЈА
Издавачки еко – центар Македонија
Ревија на Еколошка Култура и Одржлив Развој
Мај, 2010; Година 15; бр.121

Уредува

Главен уредник:
Свето Стефановски
ekologijarevija@yahoo.com

Уредник:
Ива Јовановиќ
iva@bidizelen.org

Редакциски колегиум:
Антонио Јовановски, Борис Манев, Фране Јовановски, Мартина Тевчева, Тијана Манева, Александар Кирковски

Лектура:
Валентина Бачваровска

Дизајн, подготовка и печат:
Аркус Дизајн

Тираж: 15 000

Ревијата е регистрирана во Министерството за информации на Владата на Република Македонија Бр. 01-1238

Според мислењето на Министерството за култура на Република Македонија за ревијата Екологија се плаќа данок според посебна даночна стапка.

08 | ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ
Поимот енергетска ефикасност најчесто се среќава во две можни значења, од кои едното се однесува на уреди, а второто на мерки. Под енергетски ефикасен уред се подразбира оној уред кој има голем степен на искористување на енергијата, односно мали загуби при трансформацијата од еден вид на енергија во друг.

05 | ИНТЕРВЈУ - KJETIL PAULSEN
Амбасадор на Норвешка во Македонија

14 | ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА - ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА
Можностите и ефикасноста за искористувањето на обновливите извори на енергија ги има во секоја земја и тие се огромни. Нивното искористување секако е во зависност од повеќе фактори, а во прв ред од географската положба на земјата, релјефот, опкружувањето и друго, потоа од состојбата на економијата, но и од социјалната кохезија.

32 | ГЛОБАЛНО ЗАТОПЛУВАЊЕ – ПРОМЕНИ И ПОСЛЕДИЦИ - ЕФЕКТ НА СТАКЛЕНА ГРАДИНА
Доказите за затоплувањето на климатскиот систем ги опфаќаат набљудуваните зголемувања на глобалните просечни температури на воздухот и океаните, големото топење на снегот и мразот и зголемувањето на глобалното просечно ниво на морето. Највообичаена мерка на глобалното затоплување е движењето на просечните температури блиску до Земјината површина.

04 | БИДИ ЗЕЛЕН - БИДИ КУЛ
Биди Зелен едукативната кампања има за цел да го подигне нивото на знаење кај средношколската популација во Македонија за значењето и важноста од одржливиот развој. Со други зборови целта на кампањата е да ја пренесе пораката дека, секоја единка во општеството треба и може да придонесе во зачувување и подобрување на животниот стандард на сегашните како и на идните поколенија.

06 | ИНТЕРВЈУ ТОНИ ЗЕН И СЛАТКАР
Да се биде зелен значи да се биде совесен, да се има во предвид дека ние зависиме од природата, а не таа од нас. Ние како мало парче земја со малку жители, не конзумираме доволно информации за проболемите кои ги трпи земјата. Многу ми е мило што момците од Go Green презедоа конкретен чекор во оваа област.

20 | УМЕТНОСТА НА РЕЦИКЛИРАЊЕ (THE ART OF RECYCLING)
Брзината на менувањето на модата и масовната побарувачка за најновите парчиња облека, како и желбата на потрошувачите да платат што помала цена за парче облека, придонесува модната индустрија да прекршува многу од човечките, животинските и еколошки правила. Сепак, етички и еколошки произведена мода (облека и модни додатоци) може да придонесе многу за одржливиот развој, а исто така има потенцијал и да ги поттикне луѓето да бидат „позелени“ во секој аспект од секојдневниот живот.

16 | 2010 ГОДИНА НА БИОДИВЕРЗИТЕТ
Обединетите Нации ја назначија 2010 за Интернационална година на биодиверзитет (ИГБ).

24 | РЕЦИКЛИРАЊЕ
Управувањето со отпадот е еден од најсериозните еколошки проблеми во Македонија. Општите стратешки и посебните цели во Националната стратегија за управување со отпад ги одразуваат обврските на сите делови на македонското општество за воспоставување на современ систем за управување со отпад.

Go Green

Биди Зелен - Биди Кул

Биди Зелен едукативната кампања има за цел да го подигне нивото на знаење кај средношколската популација во Македонија за значењето и важноста од одржливиот развој. Со други зборови, целта на кампањата е да ја пренесе пораката како секоја поединка во општеството треба и може да придонесе во зачувување и подобрување на животниот стандард на сегашните и на идните поколенија.

Разликата на Биди Зелен Кампањата од сите претходни кампањи водени од многу еколошки невладини организации во Македонија но и пошироко во светот е тоа што невладината Биди Зелен зазема еден нов пристап на кампања со целосно ставање во функција на медиумите, културно уметничката естрада и владините тела во поддршка на една нова генерација.



Кампањата ќе се води на четири фронта: интернет сајтот на Биди Зелен (www.bidizelen.org) каде што посетителите ќе можат да изнајдат голем број на информации, околу основните елементи на климатски промени, глобално затоплување, одржливи извори на енергија, енергетска ефикасност како и сите најнови случувања во Македонија и светот во сферата на животната средина.
Вториот фронт на кампањата ќе биде уличен караван кога 30 волонтери на Биди Зелен ќе ја пренесат пораката од Планетата Земја. Третиот фронт ќе претставува целосна медиумска промоција на кампањата Биди Зелен за која што Тони Зен и Слаткаристика спремија песна „Биди Зелен" како и музичко видео. И за крај на 12 Јуни кампањата ке кулминира со голем Биди Зелен концерт во Градскиот парк Скопје.

Целта на кампањата е да се пренесе порака до младите дека живееме во еден нов свет, нов поредок на environmentalizam и дека веќе не си кул ако фрлаш отпадоци насекаде, ако трошиш струја и вода без мера, само за да покажеш дека не си ситничар, не си кул ако возиш моторни возила кои го загадуваат воздухот и придонесуваат за испуштање на CO_2 гасови кои пак имаат директен придонес кон глобалното затоплување.

Денес живееме во свет кога е кул да бидеш Зелен па затоа и слоганот на кампањата е БИДИ ЗЕЛЕН - БИДИ КУЛ.

А што значи да се биде зелен? Да се биде зелен значи да бидеш одговорен спрема себеси и спрема природата, да си свесен дека и ти си дел од природа, а не си над неа. Само погледнете како се блокираше светот со еден обичен облак кој беше исфрлен од вулканот на Исланд. Светските научници предвидуваат дека доколку продолжиме по истиот пат на неодговорно однесување кон природата, дека природните настани кои ќе се јавуваат како реакција на нашиот неизбалансиран однос према природата ќе бидат стотици пати поголеми од тој вулкански облак до тој степен што најверојатно ќе предизвикаат последици за човештвото од неповратлив какрактер. Еве неколку поконкретни примери што значи да се биде зелен. Да бидеш зелен значи да бидеш свесен дека природните ресурси се ограничени и дека нивната прекумерна употреба води до нивното целосно исцрпување што пак како резултат води кон сиромаштија. Секој еден поединец треба да внимава како и колку ги користува природните ресурси. Да бидеш зелен значи да се образуваш како да го

намалиш твоето загадување на природата и притоа да ги информираш и поттикнеш другите околу тебе како да го следат тој ист пример.

Постојат многу начини како да се биде зелен и идејата која ја има тимот на Биди Зелен е да ја поттикне свеста и размислувањето кај младите за последиците што ќе ни се случат на планетата Земја и на нас како нејзини станари доколку не преземеме итни превентивни мерки.

Со кампањата се очекува да се постигне еден моментум, една генерација на младо движење кое ќе се шири низ цела земја и ќе ја понесе Македонија набрзо на листата на најеколошки земји во регионот како и во Европа.

За да се исполни ова, секако потребна е константна поддршка од сите во земјата почнувајќи од индивидуи, медиуми, културно уметнички работници па се до владини институции. Досега нашата идеја доби поддршка од организации од земјата и надвор од неа, како што е Меѓународниот Еколошки Форум од Женева, Швајцарија како и Институтот за Студии по Животна Средина, во Амстердам, Холандија. Главни промотери на Биди Зелен кампањата се Тони Зен и Марко, кои со песна и видео спот ќе ги поддржат Гоу Грин во нивната мобилизација на новата зелена младина во Македонија.

Биди Зелен Кампањата ќе се одржи во последните две недели од Мај кога 30 волонтери во тимот на Биди Зелен ќе посетат 20 средни училишта низ Скопје и ќе одржат дваесетминутна презентација во секој клас. По предавањето сите заинтересирани ќе можат да се приклучат на волонтерите на Биди Зелен со тоа што ќе ја посетат веб страницата на Биди Зелен каде што ќе можат да ги ги остават своите податоци и да се ангажираат и дадат придонес во првото Македонско зелено движење – Биди Зелен.

Уредувачки колегиум

Интервју | **Kjetil Paulsen**
Амбасадор на Норвешка во Македонија

Зошто се одлучивте да ја поддржите Биди Зелен кампањата?



Амбасадата одлучи да ја поддржи Биди Зелен кампањата бидејќи има пристап ориентиран кон постигнување на цели во поглед на предизвиците на животната средина. Ако сакаме да успееме, неопходно е младите луѓе да прават напори за заштита на животната средина..

Кое е нивото на свесност за животната средина во Македонија?

Во поголемиот број на земји, свесноста е на ниско ниво. Забележувам дефицит на свесност и во Македонија. Има простор за подобрување.

Најголемата ветерница во светот ќе се изгради во Норвешка. Дали оваа иновативна технологија го прави производството на обновлива енергија далеку поефикасно?

Технологијата за производство на електрична енергија се уште се развива, вклучувајќи ја и оваа голема ветерница во Норвешка. Јас се надевам и верувам дека ќе има придонес позитивен во производството на обновливи извори на енергија на глобално ниво. Но исто така ова е важно, бидејќи не е одржливо да се потпреме само на фосилните горива.

Што ќе им препорачате на младите луѓе во Македонија?

Моите препораки на младите луѓе во Македонија се да се прклучат во кампањи како што е кампањата Биди Зелен. Следниот пат кога ќе патувате на автопатите во Североисточна Европа, погледнете на страна од автопатот. Дали е убаво или пак здраво да се фрлаат тони отпад. Отпад кој луѓето го фрлаат од своите автомобили? Дали е возможно да се направи нешто околу тоа? Да возможно е.

Kjetil Paulsen
Ambassador, Royal Norwegian Embassy
Skopje, Macedonia



Интервју
Тони и Слаткар

Да се биде зелен значи да се биде совесен, да се има предвид дека ние зависиме од природата, а не таа од нас. Ние, како мало парче земја со малку жители, не конзумираме доволно информации за проболемите кои ги трпи Земјата. Многу ми е мило што момците од Go Green презедоа конкретен чекор во оваа област

Како се инволвиравте во кампањата Биди Зелен?

Многу ни беше драго кога Антонио ни ја презентираше организацијата Go Green и идејата за кампањата. Иако нашата главна цел е одржување и создавање квалитетна хип-хоп сцена, сепак не забораваме дека ние сме дел од новата генерација која е на мисија да ја зачува и одржува околината чиста, а воедно и целата Земјина топка така што на тој начин би се стабилизирале сите сериозни закани за Земјата. Секој совесен човек кој е запознаен со текшкотиите што ги носи Земјата, се обидува на секаков начин да и помогне и да ги предупреди луѓето за последиците. Повеќето од тие предупредувања се пренесени преку филмови, книги, документарци, а ние решивме тоа да го направиме преку музиката, односно преку она што најдобро знаеме да го правиме, а тоа е хип- хопот.

Зошто одлучивте да бидете главни промотери на кампањата со изведување песна?

И Марко и Тони ја знаат тајната на животот, и двајцата сме во таа димензија каде што се е возможно. Возможно е светот да не го издржи товарот кој го има и да колабира, но уште повеќе возможно е да се отстрани тој товар и да се зачува природата во нормален баланс. Ние сме обчни, но совесни момци, знаеме дека сето тоа заштитување на Земјата зависи од нас, односно од секој жив организам на планетата Земја, сите и помагаат на Земјата само уште човекот остана. Одлучивме да се одвоиме од несовесните луѓе за да помогнеме, а најдобар начин е преку песната односно музиката. Со векови музиката носела мир, разбирање и спокојство меѓу народите. Сега е вистинското време да се реагира преку музиката.

Дали навистина верувате дека може да се направи позитивна промена доколку го смениме нашето однесување во секојдневето?

Ние веруваме дефинитивно затоа што веруваме и во себе, но целта ни е да ја прошириме таа мрежа и да почнат и останатите да веруваат. Секој човек е извор на енергија и секој човек има моќ да ги приклучи своите мисли на нашата фреквенција и да помогне во нашето остварување. Универзумот не препознава раса, религиска поделба, место на живеење, животен статус, тој едноставно ја прима само мислата. Жално е што поголемиот дел од жителите на Земјината топка немаат спроведено фреквенција со позитивна смисла за зачувување на светот, жално е што повеќето пробуваат да ја победат природата и да владеат со неа, жално е што сето тоа е во негативните мисли на човекот.

Многу подобро би било кога сите би имале верба во себе и здрав разум, само тоа го бара душата на Земјата.

На кој начин ги охрабрувате луѓето да бидат зелени и да се однесуваат одговорно кон животната средина?

Да се биде зелен значи да се биде совесен, да се има предвид дека ние зависиме од природата, а не таа од нас. Ние како мало парче земја со малку жители, не конзумираме доволно информации за проблемите кои ги трпи Земјата. Многу ми е мило што момците од Go Green преземаа конкретен чекор во оваа област. Природата постојано праќа пораки и ни објаснува дека сите природни катастрофи се последица на лошиот однос на човекот со Земјината топка, нашата работа е да ги пренесеме пораките до луѓето и заеднички да ја подобриме животната средина. Тони и Марко можат, а сигурно можат и останатите, тоа е нашето охрабрување.

Кој филм би им го препорачале на младите да го гледаат и зошто?

За оваа ситуација би ви го прпорачале филмот „Аватар“. Дефинитивно овој филм, бидејќи на многу убав начин е прикажана синхронизацијата на човекот и природата,а секако и целокупната порака која ја пренесува. Се надеваме дека ќе ја разберат и нашата Биди Зелен порака! Иако многу луѓе, не ја разбрале пораката на филмот можат да ја разберат барем нашата порака.

Што е следно што публиката може да очекува од вас?

Работиме постојано, настапуваме, снимаме, се спремаме за концерти, правиме спотови и најбитно е тоа што сме на пат да го спасуваме светот заедно со сите аватарци што ќе ни се приклучат. Останете зелени...



ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



ЕНЕРГИЈА И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Без енергија нема живот. Енергијата е способност да се извршува работа. Енергијата е движење, топлина, живот. Енергијата е двигател на целиот свет, па така и на нашиот живот. Ја користиме со цел да се движиме, да работиме и да се храниме, а таа наедно ни ги осветлува домовите, ни ги придвижува средствата за работа, превозните средства и др. Енергијата ни е потребна за греење, ладење, топла вода и др. Се што работиме во еден или друг облик е поврзано е со енергијата.

- Основна единица за енергија е џул (joule) 1J=1Ws.
- Основна единица е ват-секунда (watt-second), но најчесо користена мерка за потрошувачка на енергија е kWh кај што 1 kWh = 3.600.000 J = 3,6 MJ.

Што означува терминот енергетска ефикасност?

Поимот енергетска ефикасност најчесто се среќава во две можни значења, од кои едното се однесува на уреди, а второто на мерки. Под енергетски ефикасен уред се подразбира оној уред кој има голем степен на искористување на енергијата, односно мали загуби при трансформацијата од еден вид на енергија во друг. На пример, обичната светилка голем дел од електричната енергија ја претвора во топлинска, а само мал дел во корисна светлосна енергија, па, во таа смисла, таа претставува енергетски неефикасен уред. Кога се во прашање мерките, тогаш под енергетска ефикасност ги сметаме мерките кои се применуваат со цел да се намали потрошувачката на енергија. Без разлика дали мерките кои се спроведуваат за таа цел се технички, технолошки или други, тие треба да обезбедат ист или поголем степен на остварен комфор и стандард.

Какво влијание има користењето на енергијата врз околината?

Најголемиот дел на енергија што ја добиваме настанува со согорување на фосилните горива (јаглен, течни горива, природен гас). Притоа се создаваат штетни гасови (јаглероден диоксид, азотни и сулфурни оксиди) кои се ослободуваат во атмосферата, како и течен и цврст отпад кој се складира во близина на енергетските објекти. Влијанието на животната средина зависи од типот на производствениот енергетски објект (класична термоелектрана, гасно-турбинска постројка, комбинирана гасно-парна постројка) и видови на гориво. Сите влијанија на животната средина можат да се поделат на локални, регионални и глобални.

- Локалните влијанија се емисиите на летечкиот пепел и чад, отпадната топлина и бучавата.
- Регионално влијание имаат емисиите на сулфурни и азотни оксиди, кои со влагата од воздухот во облаците создаваат киселини, кои пак се познати како кисели дождови.
- Глобално влијание има емисијата на јаглероден диоксид и метан, којашто доведува до ефектот на глобално загревање, односно до појавата на стаклена градина.

Што се фосилни горива?

Во фосилни горива спаѓаат јагленот, нафтата и природниот гас. Овие горива настанале со фосилизација на изумрените билки или животни пред повеќе милиони години. Со согорување на овие горива, хемиската енергија која тие ја содржат се претвора во топлинска. А топлинската енергија понатаму се користи за загревање на вода (во топланите), производство на пареа (во термоелектраните) или се претвора во механичка работа и ги покренува превозните средства итн. Денес, најмногу од сите енергии за потребите на човештвото се користи онаа што е добиена од фосилните горива.

Што означува терминот одржлив развој?

Една од дефинициите за одржлив развој е: Развој кој во целост ги задоволува потребите на денешницата, без негативни последици за иднината, односно можноста на идните генерации да си ги задоволуваат своите потреби. Овде, пред се, се мисли на такво искористување на енергијата и енергетските ресурси кое нема да остави негативни последици врз иднината. Негативните последици на денешниот развој се согледуваат во прекумерното загадување на планетата и исцрпување на ресурсите на фосилни горива. Одржливиот развој има за цел подигање на квалитетот на животот, како на нашиот така и на нашите идни поколенија.

Пишува Станко Спасич - дипл. машински инженер, (Енергетски ефикасни згради)

5 ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ
велосипедот како превозно средство

Кога одите во посета на некој европски град имате можност да одберете начин на кој ќе ги прошетате сите туристички атракции. Може да го користите локалниот јавен превоз, да изнајмите кола или наједнотавно да изнајмите велосипед! Изнајмувањето на велосипед е добро пред се за вашето здравје, ја штитите животната средина и што е најинтересно ваш е изборот кога ќе направите пауза или кога и каде ќе застанете за да се фотографирате. Еве ги петте нај "велосипедски расположени" градови кога станува збор за велосипедот како превозно средство.



5.Базел, Швајцарија

Кога станува збор за овој град се вели дека е главниот град на културата на Шведска или се нарекува универзитетски град. Центарот на градот претставува еден прекрасен средновековен центар, во кој се одржува карневал кој не е толку пренатрупан како оној во Венеција, но е исто толку импресивен. Базел е перфектно место за сите љубители на велосипедизмот. Најдобрата стартна точка за вашата авантра е "Rent-A-Bike" подземен велосипедски парк во самиот центар на градот.



4. Париз, Франција

Сите сме слушнале за Париз и знаменитостите на Париз. Најромантичниот и космополитски град во Европа, но исто толку и град кој е преполн со туристи и не би сакале во текот на вашето патување да се заглавите во сообраќајниот метеж. Еве една добра идеја зошто не изнајмите велосипед?! Париз ја има најголемата програма за изнајмување на велосипеди. Може да се направи избор од 20000 велосипеди на 1450 пунктови за изнајмување, а секако првиот половина час е бесплатен.



3. Берлин, Германија

Во вториот по големина град во Европа, половината од граѓаните поседуваат сопствен автомобил. Заради тоа локалната влада моментално инвестира големи изнои за да се усовршии велосипедската инфраструктра. Поставени се повеќе од 140 километри велосипедска патека низ целиот град, исто така има online и offline карти и рути кои им стојат на располагање на велосипедистите. На овој начин да с евози велосипед во Берлин никогаш не било полесно.



2. Копенхаген, Данска

Главниот град на Данска, градот кој неодамна беше промовиран за еден од шестте градови во светот во кој најлесно се живее. Една третина од популација на своето работно пристигнува со велосипед. Кружните патеки овозможуваат лесно да се движите низ градот, од една знаменитост до друга. На пример за кратко време може да стигнете од најпознатата скулптура во Копенхаген, "Малата Сирена" до најстариот забавен парк "Trivoli Garden".



1. Амстердам,Холандија

Главниот град на велосипедизам во Европа, добро познатиот Амстердам. Во Амстердам дури 40 % од сообраќајот се состои од велосипед. Оваа појава не е само заради добрат владина политика да се промовира безбеден и добро равиен велосипедски сообраќај туку и велосипедска култура. Во Амстердам ќе видите секаков профил на луѓе кои возат велосипеди. За широката употреба на велосипеди ни говори инајголемото и најкористеното паркиралиште за велосипеди во Амстердам кое располага со 2500 паркинг места за велосипед.

ЕВН Македонија
и енергетската ефикасност



Активностите околу енергетската ефикасност во ЕВН како Групација имаат долга традиција и специјална улога.

Согледувајќи ја потребата за подигнување на свеста за енергетска ефикасност и како и состојбите на терен, EVN Македонија изминатите неколку години интензивно работи на имплементирање на мерки за разумно користење на енергијата. Минатата година отпочна и поширока акција за едукација на корисниците на електрична енергија. Со оваа акција се едуцираат граѓаните за придобивките од рационалното користење на електричната енергијата во секојдневниот живот. Во првата фаза се комуницираат пораки за разумно користење на електричната енергија преку рекламни спотови, огласи во печатените медиуми, брошури и билборди до потрошувачите.

Истовремено, Центарот за односи со корисници на EVN Македонија овозможува совети за граѓаните, компаниите и институциите за рационално користење на енергија, а специјализирани тимови на компанијата на повик ќе даваат и совети за рационално користење на електричната енергија на терен.

И во изминатите години EVN Македонија работеше на едукација и подигнување на свеста за потребата и бенефитите од рационалното користење на енергијата, преку училишниот проект со посета на најмладите потрошувачи во основните училишта ширум државата.

Искуството од минатите три години покажа дека ваквиот начин на комуникација со најмладите беше срдечно прифатен од страна на самите ученици, нивните родители како и наставниците и директорите на училиштата.

На интересен начин преку слики, различни едукативни средства и интерактивна соработка и заедничка комуникација со учениците, децата со голем интерес и задоволство внимаваат на часовите.

Во рамки на проектот Училишен сервис, ЕВН Македонија веќе неколку пати реализира и детски квиз за енергетика. На крајот од секое полугодие дечињата имаат можност преку многу забава, дружење и смеа да ни покажат колку многу научиле од работилниците кои компанијата ги спроведува во текот на целата учебна година, а со цел запознавање на децата со основните енергетски поими и разумно користење на електрична енергија. А во рамките на самиот квиз,пак, се наградуваат и најкреативните ученици кои учествуваат во литературниот и ликовниот конкурс отворен во текот на целата учебна година каде дечињата ни ги испраќаат своите литературни и ликовни творби на тема „Разумно користење на ел.енергија“.

Кон крајот на минатата година, на одбележувањето на сто годишнината од првата светилка во Македонија, ЕВН Македонија и градот Скопје потпишаа Меморандум за соработка од областа на рационалното користење на електричната енергија. Преку Меморандумот, двете страни се согласија на заедничка соработка од проекти од оваа област, при што ЕВН Македонија ќе понуди експертска и техничка поддршка.

Освен со градот Скопје, преку проект на УНДП, ЕВН Македонија ја прошири соработката на тема енер-

гетска ефикасност и сите општини во државата. Со потпишаниот Меморандум меѓу ЕВН Македонија и УНДП, ЕВН им ги отстапува податоците за потрошена електрична енергија на општините, кои ќе бидат внесени во електронска апликативна алатка за мониторинг на енергетските трошоци на општинско ниво. Преку оваа алактка, покрај мониторинг, општините ќе можат и да развиваат стратегии за воведување на конкретни мерки за енергетска ефикасност. Со договорот УНДП и ЕВН Македонија се обврзаа да соработуваат на заедничко развивање на програми за подигнување на јавната свест од област на енергетската ефикасност на национално ниво.



Во рамките на работилницата беа презентирани резултати од прашалникот за енергетска ефикасност спроведен во февруари годинава. Резултатите укажуваат на тоа дека мерки за енергетска ефикасност се нужни во најскоро време. Така на пример, 36% од општините воопшто не ја следат потрошувачката на енергија, а 67 % немаат стратегија за заштеда на енергија.



На тема енергетската ефикасност, и ЕВН Македонија спроведе своја анкета која покажа дека околу 56% од испитаниците незнаат што подразбира терминот рационално користење на енергијата или енергетска ефикасност. Како резултат на непознавањето на овој термин дури 83% од испитаниците не ја знаат разликата помегу категориите А, Б, Ц и Д на апаратите за бела техника кои ја означуваат рационалната потрошувачка на енергија. Ова беше доволен поттик да се направи нешто за општо добро, едуцирајќи ја широката публика со корисни совети за штедење на енергијата.

Енергетската ефикасност се имплементира и во секојдневното работење на компанијата и целта на долг рок е ЕВН Македонија да биде препознатлив бренд на оваа тема. Ова не само затоа што Македонија како држава се обврзала и преку Атинскиот меморандум и директивите на Европската Унија, туку затоа што ЕВН како групација постојано ја негува и развива општествената одговорност. Корпорацијата ЕВН, енергетската ефикасност ја содржи дури и во својот назив, бидејќи значењето на кратенката ЕВН во оригиналниот германски јазик значи разумно користење на енергијата.

УНДП Интервју | **Илија Саздов**

“Јавните објекти и станбениот сектор се одговорни за потрошок на 69 отсто од електричната енергија и 40 отсто на термичка енергија произведена во Република Македонија.Заедно, своето производство го сочинува 71 отсто од вкупно на земјата емисиите на јаглерод диоксид, УНДП проект менаџер Илија Саздовски, изјави Energetika.NET.”

UNDP во Македонија неодамна го отпочна проектот “олеснителни климатски промени, преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор”.Какви активности вклучува овој проект?

Проектот е една од трите компоненти на програмата за енергетска ефикасност финансиран од Австриската соработка за развој и е наменета за да се ублажат климатските промени во земјата преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и зголемување на ресурсите на институциите учеснички за енергетска ефикасност. Програмата за енергетска ефикасност, исто така, е наменета за поддршка на македонската Агенција за енергетика во создавањето на прописите и применливи алатки за енергетска ефикасност во градежниот сектор, да се обезбеди долгорочна одржливост преку поддршка промени на насоките за правилни објекти, за подобрување на интеракцијата и ко- соработка помеѓу Владата и бизнис заедницата, и да се зголеми јавната свест на потрошувачите за енергетска ефикасност.

На долг рок, со проектните активности ќе се придонесе за намалување на потрошувачката на енергија во станбените и јавните објекти, кои не само што ќе ја намалат потрошувачката на енергија, загуба на енергија и емисијата на штетни гасови, но, исто така, ќе се зголеми енергетската независност на нашата земја.

Конкретната цел на овој проект, кој ќе биде имплементиран од УНДП, е да се придонесе за горенаведените цели.

Главните резултати на овој проект се следните: создавање национална база на климатолошки параметри за секој регион, создавајќи попис на јавните објекти во целата земја и развивање на ефективна програма за инвестции за енергетска ефикасност на јавните објекти.

Зголемување на енергетската ефикасност во градежниот сектор исто така влече промени во законската регулатива. Покрај тоа, каква е вашата соработка со институциите кои се одговорни, пред се со Министерството за животна средина и просторно планирање како директно надлежен орган за овој вид на дискусија?

УНДП има историја на одлична соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, прво преку подготовка на клучни стратегии и извештаи за климатските промени. Овој проект ја продолжува веќе воспоставената динамика на партнерството реализација на проекти и активности. Исто така, проектот ќе се спроведува и во Агенцијата за енергетика и Министерството за економија, со кои ние, исто така, имаме одлична соработка. Клучот методологии за собирање на податоци мора да бидат признати и вклучени како дел од методологијата за пресметување на енергетските перформанси на објекти. Исто така, невозможно е да се собираат податоци од јавноста без поддршка на сите заинтересирани страни во овој сектор, така што во прилог на овие институции, проектот ќе соработува со академски институции, бизнис секторот и други донатори во оваа област, како и со невладиниот сектор.

Во изминатите две години, владата ги има, во неколку наврати, субвенционирано користењето на обновливите извори на енергија (конкретно, соларна енергија).Дали можеби наскоро ќе се очекуваат субвенции за енергетска ефикасност во домаќинствата исто така?

Субвенциите за сончеви системи за добивање топла вода за пиење е една од големите активности за да се подигне јавната свест. Се надевам дека истата практика ќе се применува за материјали за енергетска ефикасност, исто така. Проблемот е во широк спектар на производи за кои се дефинирани како ефикасно користење на енергијата, бидејќи енергетската ефикасност вклучува производи како изолација, градежни материјали, домаќинствата уреди, возила и така натаму. Од друга страна, енергетска ефикасност на зграда ќе почне со просторното планирање. Сите овие факти создаваат тешкотии во спроведувањето на директни субвенции или намалување на даночната стапка. Сепак, јас сум оптимист и верувам дека владата, во соработка со секторот, може да се најде модус за да претстави енергетски ефикасни производи.

Дали градежниот сектор во Република Македонија имаат слух за ова прашање? Очекувате ли поддршка, токму во поглед на имплементација на иновативни алатки за ефикасно користење на енергијата од страна на градежни фирми?

Во декември минатата година, беше организирана воведна работилница на проектот, каде беа поканети 30 учесници. Бев навистина изненаден кога речиси 50 луѓе учествуваа на работилницата, која јасно го покажува интересот на секторот за учество во оваа иницијатива. Градежни компании се сигурно клучна алка во целиот синџир на спроведувањето на активностите ". Всушност, тие се оние кои треба да спроведат одлуки и правилници. Нивната посветеност за вклучување беше прикажано со учество на Стопанска комора во работната група, како и вклучување на неколку водечки компании.



Кои се вашите препораки до граѓаните за намалување на потрошувачката на енергија во станбени објекти, а особено во јавните институции?

Климатските промени и одржливи енергетски извори се земени како клучни приоритети во врска со зависноста на Република Македонија од увоз на горива и во однос на предвидената употреба на домашните резерви на јаглен. Една од сферите каде треба да се превземе акција е градежниот сектор, кој прави 39 отсто од вкупната потрошувачка на енергија. Јавните објекти и станбениот сектор се одговорни за 69 отсто од електричната енергија која се потрошува и 40 отсто на топлинска енергија произведена во Република Македонија. Заедно, своето производство го сочинува 71 отсто од вкупно на земјата емисиите на јаглерод диоксид. Од друга страна, пак, на национално ниво, на децентрализација што се уште е во тек во Република Македонија се пренесуваат, во првата фаза, бројни обврски кон локалните власти. Еден од најголемите проблеми со кои општините се соочуваат е лична потрошувачка на енергија.
Покрај тоа, за многу домаќинства во Македонија, присутна месечни енергетски трошоци највисока ставка во семејниот буџет. Во моментов нема индикации дека цените за различни видови на енергија, ќе падне во иднина, таа е спротивното. Мерки за заштеда на енергија, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија презентираат најпогодни алатки во борбата против енергетската сиромаштија и климатските промени. Секој од нас може да придонесе за оваа борба.

Преземено од energetika.net

ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА - ПОГЛЕД КОН ИДНИНАТА


Со еволуцијата на човекот и трансформацијата на неговата свест, свртена кон иднината и неопходниот развој, постепено се издвои потребата за негување на решителниот став кон чиста обновлива средина. Потребата, пак, кон културолошкиот развој и прогрес во сите домени на општественото живеење, насочена кон подигање на животниот стандард во сите социолошки средини, ја стимулираа и потребата кон трансформирање на видовите на енергија што се употребува секојдневно во сите средини за задоволување на секојдневните потреби на сите индивидуи и на општеството во целина.

Со почетокот на индустриската револуција, од крајот на 18 век па се до денес, најголемиот дел од светските енергетски системи се засноваа единствено врз согорувањето на фосилните горива (камениот јаглен, тресетот, нафтата) кои служеа како за потребите за раздвижување на машините или воопшто за добивање на корисна топлина за други потреби, односно за развојот на економијата, зголемувањето на производството итн.



Веќе одамна е позната појавата дека при согорувањето на фосилните горива во воздухот се испушта јаглероден диоксид CO_2 со „ефект на стаклена градина“, а кој придонесува за глобалното затоплување и климатските промени, кои ако благовремено не бидат попречени, како такви ќе можат да предизвикаат бројни катастрофи со несогледливи лоши прогнози за еколошките процеси, растенијата, животните, човекот и воопшто ќе бидат штетни за опстојувањето или натамошниот живот на луѓето на планетава или на животот на планетава Земја во целина.

Со цел да се оневозможат ваквите лоши прогнози за животот на планетава Земја, за развојот на општеството во целина, ако и понатаму опстојуваме во натамошното користење на фосилните горива, без да бараме други алтернативни горива, ако останеме незаинтересирани и ако останеме рамнодушни кон опасностите што ни се заканuваат на животот и планетава Земја брзо ќе се доведеме во безизлез.



Неопходни се итни решителни мерки и промени во свеста на луѓето за неопходниот развој, во прв ред на постоечката енергетска структура како на индивидуален, но исто така и на глобален план. Неопходно е преминувањето од фосилни горива кон обновливи извори на енергија што ќе се засноваат главно на користењето на сончевата енергија, ветерот како продукт на сончевата енергија, користењето на биомасата, производ на сончевата енергија, хидроенергијата, геотермалната енергија, плимската енергија кои, како енергетски извори се сметаат за непотрошливи, многу се поевтини и од економски аспект далеку поубедливи и поприфатливи и кои воопшто не ја загадуваат животната средина.

Својството на фосилните горива да ја загадуваат животната средина се посочува како најважниот аргумент против користењето на ваквиот вид на енергија. Но има и други додатни аргументи што опоменуваат и ја забрзуваат потребата за преминот од овој вид кон повеќето видови на обновливи извори на енергија. Еден од тие аргументи е и фактот што се приближува денот кога фосилните горива ќе бидат потрошени и ќе ги снема. Имено, откако тие фосилни горива како извор на енергија еден ден ќе се потрошат, брзо ќе се соочиме со реалноста дека ни недостасуваат соодветни ресурси за производство на енергија толку многу потребна за производство, движење на машините, за економиите на сите земји во светот, воопшто за прогресивниот развој и за задоволување на секојдневните потреби на луѓето, односно за потребите на животот.

Бидејќи побарувачката на енергија на глобален план се очекува според пресметките да порасне во блиска иднина, а тоа значи заклучно со 2030 за 45% и бидејќи фосилните горива дотогаш значајно ќе бидат редуцирани, општеството ќе дојде во тежок суфицит на неопходна енергија доколку енергетската инфраструктура не се промени и не се подобри со други видови на енергија, особено со обновливата енергија, односно доколку на најбрз начин не се преориентираме кон премин од фосилните кон обновливите извори на енергија.

Можностите и ефикасноста за искористувањето на обновливите извори на енергија ги има во секоја земја и тие се огромни. Нивното искористување секако е во зависност од повеќе фактори, а во прв ред од географската положба на земјата, релјефот, опкружувањето и друго, потоа од состојбата на економијата, но и од социјалната кохезија.

Луѓето се во состојба да ја користат во прв ред сончевата енергија и тоа на најразлични начини. Таа, главно, се пренесува преку сончевите зраци, но денес се познати повеќе начини на нејзино искористување.
Како што е добро познато, сончевата енергија на Земјата најпрвин навлегува во растенијата. Потоа преку различни фотосинтетички процеси од растенијата се претворува во биомаса. Употребата на биомасата пак денес претставува околу 80% од вкупното глобално производство на обновлива енергија. Но, од друга страна, секако тоа не секогаш е најефикасниот начин за борба против климатските промени. Во прв ред, поради тоа што производството на биомаса насочува, главно, кон користење на шумскиот фонд, а тоа, пак, меѓу другото, подразбира и уништување на тој ист шумски фонд. Бидејќи шумите се ставени во „служба" да го апсорбираат CO2 и да го попречуваат „ефектот на стаклена градина", зачувувањето на шумите е насушна потреба за балансот и регулацијата на CO2 околу Земјата. Секако постојат и други, да речеме, современо именувани генерации на растителни производи од кои се добива биомасата кои се сметаат дури и за подобри од биомасата добиена од шумите. Таква, на пример, е енергијата произведена од повеќе растенија: пченицата, шеќерната репа, и некои други растенија, потоа алгите, кои преку разноразни хемиски и бројни биолошки процеси, исто така се преработуваат и претвораат во успешни автомобилски биогорива, но кои, исто така, служат и за производство на електрична енергија. На овој начин, значајно се придонесува за намалувањето на загадувањето од испуштените гасови од автомобилите кои од ден во ден се во се поголем број и со кои секојдневно значително се придонесува за јакнењето на непријатниот „ефект - стаклена градина".
Се разбира сончевата енергија може да се употребува и директно за производство на топлотна енергија најчесто со помош на соларните панели. Денес ова е еден од најупотребуваните начини во светот, но и во Македонија. Македонија, пак, како јужно позиционирана земја, со многу сончеви денови во текот на годината претставува место со идеални услови за производство на чиста и обновлива енергија од Сонцето.
Ветерниците за прв пат се појавиле во 16 век во Холандија. Служеле за покренување на механизми со помош на кои се мелело жито. Но и денес се употребуваат за производство на електрична енергија. Тие се сметаат за едни од најмодерните технологии за производство на енергија.
Како што е добро познато и ветровите се производ на дејствувањето на светлината од Сонцето. Светлината во атмосферата се претвора во топлина која пак е „ одговорна" за раздвижувањето на воздухот, правењето на ветрови, а со тоа и за раздвижување на водите во реките, езерата, моријата и океаните, воопшто за зголемувањето или намалувањето на фондот на водените ресурси.
Силината на ветерот создава енергијата. Раздвижениот воздух секогаш може да се претвори во електрична енергија.
Македонија е преполна со поволни локации кај кои е евидентно дека е голем бројот на денови во текот на годината кога дуваат силни ветрови, особено погодни за инсталирање на ветерници за производство на електрична енергија..
Се смета дека геотермалната енергија и плиматската енергија присутна во моријата и океаните не се енергии кои да се во директна врска со активностите на Сонцето. Македонија нема услови за производство на плиматска енергија, но затоа, од друга страна, има повеќе региони во кои може обилно да се користи геотермалната енергија.
Геотермалната енергија е производ на радиоактивно распадната материја, процес што се случува внатре во Земјината кора. Неа ја има речиси насекаде на планетава Земја. Се користи за затоплување на згради и простории, главно, поврзани со производство на ран зеленчук и други производи. И во Македонија е познат овој вид на енергија која како таква, особено во источниот дел на Македонија се користи обилно.
Приливите и одливите на моријата се резултат на дејствувањето на привлечните сили на Месечината, но помалку и на другите планети. При наплив на плима (прилив) се генерира, т.н. плиматска енергија. Во Македонија барем засега не е возможно да се користи ваков вид на енергија, бидејќи Македонија не излегува на море или океан.
Како најпознат извор на обновлива енергија и порано, а особено денес, се смета хидроенергијата. Се произведува преку движечката сила на водата и со помош на генератори се претвора во електрична енергија. Во Македонија најголемиот дел од произведената обновлива енергија отпаѓа токму на хидроенергијата. Кај нас постојат неколку хидроелектрани, но нивниот број, а и капацитет не задоволуваат, поради што се смета дека се неопходни натамошни вложувања кон развојот на овој вид енергија.
Експлоатацијата на различните видови на обновлива енергија зависи од повеќе фактори. Едно е сигурно дека инвестициите во производството на обновливите извори на енергија се со капитален предзнак и се неопходни за натамошниот развој на секоја земја, па и на нашава. Владите на секоја земја одделно треба без какви било скрупули или размислувања да вложуваат средства најпрвин во обновливите извори на енергија, бидејќи тоа е незаобиколниот пат кон иднината. Секое вакво вложување се исплатува повеќекратно. Со таквите вложувања нашава земја би се приближила кон доминантните прописи на Европската Унија за користење на обновливата енергија, економијата би била подобрена, еколошките ефекти би биле огромни, општеството би зачекорило во прогрес, а на индивидуален план тоа би донело значителни заштеди. Затоа приклучите се кон ГОУ ГРИН, станете зелени и постојано бидете присутни и активни во своето лобирање до владите, сегашнава и идните, да се заложат за чиста обновлива енергија.

Пишува: Борис Манев

БИОДИВЕРЗИТЕТ

Под биодиверзитет или биолошка разновидност се подразбираат сите видови екосистеми на Земјата. Биодиверзитетот ја опфаќа вкупната различност и варирањето на гените. Тука спаѓаат и сите видови микроорганизми, билките и животните, како и целата разновидност на екосистемите, во кои живите суштества се активни извршители на еколошките процеси. Главна причина за уништување на биодиверзитетот е промената во користењето на земјиштето.

Познавањето и чувањето на биолошката разновидност претставува концепт за заштита на природата и опстанок на планетата Земја, истовремено овозможувајќи рационално користење на природните богатства. Правилно разбраниот биодиверзитет, како севкупна варијабилност на обликот, појавата и функцијата на целиот жив свет на Земјата, реализирана во текот на милиони години, претставува основен мотив за чување и мерило за однесување на современиот човек, но и можност за целосна заштита на природата на планетава. Во таа смисла, зачуваната биолошка разновидност на природните екосистеми има глобално значење и претставува највисок услов за опстанокот на човекот, но и на цивилизацијата воопшто.

„Во Македонија живеат 122 разновидни растителни заедници - од водни па се до алпски. Покрај нив, Македонија е богата и со голем број разновидни лековити и ароматични растенија, шумски плодови, семиња и печурки. Богатството на дендрофлората се гледа во присуството на 319 видови дрвја, со повеќе од 80 подвидови. Шумскиот покривач има огромно влијание врз заштитата на водите, земјиштето и одржувањето на биолошката разновидност. Македонија располага и со огромно богатство на животински видови кои се распространети на целата нејзина територија."

2010 Година на биодиверзитет

Обединетите Нации ја назначија 2010 за Интернационална година на биодиверзитет (ИГБ). Во текот на годината ќе бидат организирани безброј акции и иницијативи за да се прошири информацијата, да се промовира заштитата на биодиверзитет и да се охрабрат организациите, институциите и компаниите како и индивидуалците да земат директно учество во намалувањето на постојаната загуба на биолошкиот диверзитет насекаде низ светот.

2010 International Year of Biodiversity

Фантазија која носи реална порака - „Аватар"


Во филмот „Аватар", кој е во режија на Камерон, се поставува крајната битка каде се спротивставува мајката природа со целата нејзина комплексност и убавина против оние кои се гладни за профит. Иако во филмот режисерот се занимава и со други прашања, како што се губење во виртуелната реалност, интернетот, експлоатацијата на помалку развиените земји и глобализацијата, главната цел на Камерон е да не соочи со предизвикот да се спаси природниот свет:



„Ние го уништуваме животинскиот и растителниот свет побрзо отколку што можеме да ги класифицираме. Го уништуваме синџирот на исхрана побрзо отколку што можеме истиот да го истражиме и да го разбереме како функционира. Политичарите во овој момент во Копенхаген зборуваат за климатските промени, но има и други проблеми за кои треба да се зборува"

Синото население на вонземниот свет Пандора, живее во склад со природата и нивниот опстанок зависи од шумата. Тие летаат на суштества кои се налик диносаруси со кои се поврзуваат и функционираат како едно бидите. Се поврзуваат со целокупниот животински свет. Тие се високи и атлетски градени. На човекот- војник му е дадена единствена можност да го искуси тој вонземен свет, по што набргу неговата лојалност кон сопствената раса ќе биде компромитирана. Тој открива дека ова племе, кое не тежнее кон материјалното, има поголема посветеност и поголема цел во животот.

Филмот „Аватар" е крик кон мејнстрим културата, да се запрашаме дали има нешто повеќе во животот освен висока банкова сметка, добра работа и бесна кола. Овој филм ве потсетува дека некои работи, едноставно, не можат да бидат купени.



РЕЦИКЛИРАЈ
хартија, тонери и други производи. Принтај и копирај двострано.
ИСКЛУЧИ
Го твојот ТВ, ДВД плеер, компутер и други електронски уреди кои не се употребуваат во моментот.
ЗАМЕНИ
Ја обичната светилка со енергетски ефикасна светилка.
ПОСТАВИ
Ниско-проточни славини за вода.
НЕ ЈА ОСТАВАЈ ВОДАТА ДА ТЕЧЕ
додека ги миеш своите заби. Поправи ги сите славини кои течат. Туширај се кратко.
ПЕРИ
Ги алиштата со пониска температура. Суши ги алиштата надвор
НАМАЛИ
Ја температурата на греење во просторијата.
ЈАДИ
Локално произведена храна. Ваквата храна покрај тоа што е подобра и по квалитет за твоето здравје, таа е произведена во местото каде живееш и се заштедува на транспорт до продажните места.
ИСКЛУЧИ
Ги светилките во просториите во кои никој не престојува
ИСКЛУЧИ
Го полначот од струја штом батеријата на мобилниот телефон, МП3 плеерот и другите персонални електронски апарати се веќе наполнети.
УПОТРЕБИ
Го тостерот или микропечката за затоплување на помали оброци. Тие трошат помалку енергија отколку шпоретот.
КУПУВАЈ
Производи кои немаат голема амбалажа или производи кои се пакувани во амбалажа која подоцна може да се рециклира. Користи производи од рециклирани материјали
ХАРТИЕНА ИЛИ ПЛАСТИЧНА КЕСА?
За производство на пластичните кеси е потребна помалку енергија за да се произведат, но попаметен избор е да понесе со себе ќеса или платнена торба која може да се реупотребува.
ДО КРАЈ
наполнета машина за садови. Не ја пуштај машината за садови само за две-три чинии.
ОДМРЗНИ
го фрижидерот неколку пати во годината, на тој начин подобро и поефикасно работи. Потрошувачката на енергија е помала. Не ја држи отворена вратата од фрижидерот долго време.
РЕЦИКЛИРАЈ
Хартија, картон, лименки, стаклена амбалажа - шишиња, метал. Компостирај храна и природни био отпадоци од дворот.
ЗАСАДИ ДРВО
Дрвото прави сенка во дворот. При процесот на фотосинтеза дрвото го зема јаглеродниот двооксид.
УПОТРЕБУВАЈ
Рачна косилка, не електрична за косење на тревникот.
ВОЗИ
Велосипед.
ЗАМЕНИ
го старото возило за возило кое е енергетски поефикасно и пријателско кон животната средина.



Што можеш ТИ да
глобалнот

Кори
прекину

- исклучи го светлото ко
ваш од собата, не
вклучени електронскит
- штеди струја дома и на
(исклучи го светлото кога изл
собата, не ги оставај вклучени
ските апарати итн.); најгол
оваа струја се добива
рењето на горива кои
дуваат стаклениц



Редуцирај - Реупотреби - Рециклирај

- Употребувај производи кои имаат подолг
употребен век или кои може повторно да се употребат.
- Секогаш кога ќе можеш рециклирај хартија, пластика, стакло, стари весници и лимнки.
- Со рециклирање на половина од отпадот кој се прави во едно домаќинство се заштедува емисија на CO2 за половина вредност на годишно ниво.



Смени ја светилката


- Обичната светилка замени ја со економична светилка, овие светилки траат 10 пати подолго а трошат дури 2/3 помалку електрична енергија и топлината која ја испуштаат е за 70 проценти помала од онаа која ја испушта обичната светилка.
- информирај ги и другите за климатските промени и за тоа како можат да помогнат во намалувањето на нивите ефекти.

направиш за да го намалиш го затоплување!

GoGreen

сти го вачот!

га излегу-
ги оставај
те апарати
училиште
егуваш од
електрон-
ем дел од
преку го-
произве-
ки гасови.



Засади дрво!

- Со фотосинтезата дрвата и другите растенија го апсорбираат јаглеродниот диоксид, а испуштаат кислород.
- Дрвата се важниза опстанок на човекот.
- Едно дрво во текот на својот животен век апсорбира приближно еден тон јаглероден двооксид.



Користи јавен превоз или велосипед!

- Помалку автомобили = помалку издувни гасови
- Покрај тоа што се заштедува искористувањето на бензинот, пешачењето и возењето велосипед се покорисни за човековото тело.

- користи јавен превоз или велосипед наместо автомобил; кога согоруваат бензинот и дизелот во моторите произведуваат многу стаклени гасови,

УМЕТНОСТА НА РЕЦИКЛИРАЊЕ
(The Art of Recycling)



Од времето на индустриската револуција и со развојот на капитализмот производството стана многу лесно и брзо, при што резултираше во неконтролирано масовно производство и масовно консумирање. Како последица на масовното производство, светот достигна критична точка каде што природните ресурси се исцрпуваат побрзо отколку што можат природно да се обноват, продуктите се генетички модифицирани, вештачки креирани токсични материјали се користат за да ја забрзаат и подобрат продукцијата и огромни количества на јаглероден диоксид се емитувани секојдневно што придонесува значително за глобалното затоплување.

Модната индустрија има огромно влијание на животната средина поради огромните количества на производство и отпаден материјал. Брзината на менувањето на модата и масовната побарувачка за најновите парчиња облека, како и желбата на потрошувачите да платат што помала цена за парче облека, придонесува модната индустрија да прекршува многу од човечките, животинските и еколошки правила. Сепак, етички и еколошки произведена мода (облека и модни додатоци) може да придонесе многу за одржливиот развој, а исто така има потенцијал и да ги поттикне луѓето да бидат „позелени“ во секој аспект од секојдневниот живот.

Постепено еко-модата, исто така позната во светот како етичка, одржлива, или еко-чик мода, се развива како дел од модната индустрија и станува се позначаен дел од одржливиот дизајн. Има многу начини на етичко и еко-производство: употреба на органски материјали, употреба на рециклиран материјал, фер-трговија, како и инвестирање во социјални проекти. Од сите овие начини, употребата на рециклиран материјал е најефикасен и најкорисен за борбата со глобалното затоплување и за зачувувањето на животната средина. Не само што не се трошат ограничени природни ресурси и енергија за производството на нови материјали и текстил, туку исто така се спасува планетата од веќе произведениот и отфрлен материјал. Дизајнерите можат да бидат многу креативни кога реконструираат и комбинираат „отпади“, стари облеки, неупотребливи предмети и текстил кои биле фрлени в ѓубре и каков и да е друг материјал што ќе најдат. Секое парче облека или моден додаток произведен од рециклиран материјал е уникатен, што е исто така многу привлечно за купувачите кои сакаат да имаат нешто што го нема никој друг.

Дизајнерката Сарах Рати (Sarah Ratty) е една од попознатите еко-дизајнери и за нејзината колекција Ciel таа мајсторски комбинира стари парчиња облека и создава нови модели. За неа овој стил на преработка и ремоделирање на стара облека е многу возбудлив бидејќи нема ограничувања на иновациите и креативната слобода . „Ако сакав одреден џеб, јас едноставно ќе го



пресечев од некаде и ќе го вметнев во дизајнот", вели дизајнерката.

Британската компанија Terra Plana се занимава со изработка на модни и комфорни чевли користејќи само еколошки (eco-friendly) и рециклирани материјали. Колекцијата на Terra Plana е доказ дека чевлите, како и другите елементи од нашата облека, можат да бидат изработени речиси 100% еколошки и сепак да изгледаат убаво. А што ги прави овие чевли еко? Сите делови на чевелот се направени од рециклиран материјал: кожата, текстилот, сунѓерот кој е употребен за мекиот анатомски дизајн за стапалото, гумата од која е направен ѓонот, и се е обоено со растителни бои. Исто така, наместо да се користи лепило, чевлите се сошиени на традиционален начин. Со секое производство, оваа компанија се труди да го стави на минимум отпадот и токсичните материи, а во исто време и да создаде максимална удобност на чевелот.

Меѓу поинтересните инвативни еко-компании е и француската компанија Bilum, која собира и преработува реклами изработени од непропустливото платно (како тоа од што се прават шатори) коишто биле залепени по билборди и згради, рециклира безбедносни ремени од возила и креира чанти и торби во различни форми, секоја единствена и неповторлива.

Има голем број модни дизајнери и компании што се занимаваат со ваков вид на производство, но сепак тие не се толку распространети и достапни низ целиот свет, па затоа еко-свесните потрошувачи имаат развиено друг начин на рециклирана мода – употребата на облека од втора рака. Облеката од втора рака може да се купи во специјализирани винтаж-продавници со внимателно одбрани стари луксузни парчиња облека од познати дизајнери или на специјални пазари за производи од втора рака (веќе носена) кои нудат секојдневна, но сочувана облека. Во последно време, исто така многу е популарно и менувањето на облека меѓу другарки - група другарки организираат седенки и си разменуваат облеки меѓу себе.

Оние покреативните и повештите можат и самите да си креираат облека или модни додатоци. Во модната индустрија, старите стилови често се враќаат во мода, па зачувани парчиња облека од мајки, тетки или баби можат минимално но вешто да се коригираат и да се прилагодат на сопствениот стил, со што се гради индивидуален и уникатен еко-стил. Исто така, изработката на накит или друг вид на модни додатоци од рециклиран материјал може да биде



многу интересно. Ова се неколку примери како еко-дизајнерите изработуваат модни додатоци од разновиден рециклиран материјал.

La Tonkinoise a Paris е француски еко-бренд којшто креира уникатни синџирчиња, ѓердани и бразлетни од стари украси и парчиња. Секое парче накит е неповторлива комбинација од малечки предмети како што се бисери, стари прстени, брошови, часовници, мали клучеви со интересна форма и многу други мали и уникатни елементи. Овој накит не само што е направен исклучиво од стар, отфрлен и рециклиран материјал, туку сите тие малечки елементи се комбинирани со толкаво мајсторство и изгледаат многу убаво и стилски.

Друг пример кој може да ве инспирира е Лиза, еко-дизајнер од Аргентина, која собира стари чанти и куфери фрлени во ѓубре и користи рециклирани материјали и објекти за да им даде нов живот, ново лице на тие чанти. За нејзиниот бренд Costumisée par Liza, Лиза ги преправа старите чанти со тоа што ги декорира со шарена рециклирана хартија од списанија и стрипови, им сошива стари копчиња, па дури и минијатурни играчки од нејзината ќерка.

Еко-модата постепено се развива и се повеќе дизајнери се трудат да аплицираат еко и етички аспекти во нивните креации и маркетинг. Промената во модната индустрија (намалување на производството, зголемена употреба на рециклирани материјали и консумација на еко-продукти) има огромен потенцијал да помогне во борбата со климатските промени, но сепак на потрошувачот му останува да почне да донесува поеколошки одлуки и да ја чува околната средина. Биди и ти дел од новиот моден еко-бран и придонеси за заштитата на животната средина.

Биди зелен, биди шик, биди кул!

Пишува Тијана Манева





Манифестација по повод 22 април - ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

Општина Центар се приклучи на глобалната светска акција за одбележување на 22 Април – денот на планетата Земја, со пригодна манифестација под мотото Зелена генерација.

По тој повод, Општина Центар во соработка со 7 основни училишта од Општината, здруженија на граѓани и претставници од фирмата Гринтех, организираше настан на улица Македонија, пред платото на спомен куќата на Мајка Тереза.

На настанот, учениците се претставија со креативни творби на тема: планета Земја, заштита на природата и разновидниот растителен и животински свет, изработени од хартија и пластика, како и со цртежи и богат промотивен материјал од активности на тема вода, воздух и отпад. Творбите од учениците беа изложени на дрвени куќарки, каде што секое училиште креативно украси и обмисли една куќарка. Во тек на настанот, претставници од училиштата изведоа пригодни музички точки, одбележувајќи ја љубовта кон природата и планетата Земја со игра и песна.

На настанот, беа презентирани резултатите од проектот „Сакаме чиста животна средина без пластични шишиња“, којшто се спроведува во сите 7 основни училишта. Со проектот, во училиштата се воведе процес на селективно собирање пластични шишиња во специјални џамбо вреќи, кои што потоа се транспортираат до фирмата Гринтех на рециклирање. За училиштата кои што собраа најмногу пластични шишиња во тек на месец април, претставниците од Ден на дрвото – засади ја својата иднина доделија 3 зимзелени садници. Општина Центар за паралелките и учениците кои што собраа највеќе пластични шишиња додели цветен расад.

Освен училиштата, на дрвените куќарки се претставија нашите соработници, фирмата Гринтех, Американското катче и Македонското Еколошко Друштво. Настанот го збогатија Силви Бенд со неколку музички точки.

На овој начин, Општина Центар испрати порака дека се вклучува во глобалната акција за заштита на природата и богатствата на планетата Земја, заедно со учениците како нова Зелена генерација и движечка сила за заштита на животната средина и уникатноста на планетата Земја.

ОПШТИНА ЦЕНТАР



Еко Дестинации во светот

Тајланд



Во текот на последните неколку години низ светот настана експлозија од интерес за еко-туризмот. Луѓе од многу сфери на животот велат дека еко-туризмот, е начин на патување каде се уживаат придобивките од земја додека се грижите за животната средина и дивите животни. Овие патувања се пред се патувања во области кои имаааат природен и еколошки потенцијал. Ваквите еко тури се остваруваат под водство на водич – натуралист. По својата природа Екотуризамот е и нисковлијателен туризам, каде групите се мали и турите вклучуваат совети и насоки за тоа како да се одбегне оштетување на животната средина.

Тајланд е една од дестинациите која има предуслови за Екотуризам. Еко-патувањата денес претставуваат вистинско доживување и авантура. Ваквите патувања вообичаено вклучуваат велосипедски тури, Слон Сафари, поморски патувања, пешачење во дивината. Тајланд нуди егзотична природа, гостољубива култура, убави пејсажи и сместување за сите вкусови.Тајланд нуди можност за посета и на други блиски азиски дестинации.



Постојат неколку типови на тури, кои со својот различен интензитет можат да задоволат најразлични вкусови. За оние кои сакаат помирни прошетки "Тајните патувања" се уникатно сплотување со природата, уметноста, храната и етничките култури во областите на Северен Тајланд. За оние пак кои сакаат повозбудливи доживувања може да качуваат, да јаваат слонови или да одат на рафтинг. Доколку овие доживувања не ја исполнуваат вашата замисла за комплетно сплотување со прирадата и различните народи, тогаш може да изберете една интензивна тура која нуди патување во комбинација низ Тајланд, Камбоџа и Виетнам. Никако не смеете да пропуштите да поминете неколку дена уживајќи на плажите во Тајланд. Синилото кое ќе се рашири пред вас нема да ве остави рамнодушни. Тајланд е егзотична и еколошка точка на туристичките карти.



РЕЦИКЛИРАЊЕ

Секоја година на светско ниво се рециклира и тргува со над 600 милиони тони отпадна хартија, пластика, обоени и црни метали, текстил, гума, стакла и електронски отпад, а секторот за рециклирање остварува приход од 160 милијарди $ годишно и вработува повеќе од 1,5 милиони луѓе во целиот свет.

Еден од начините за повторно искористување на отпадот, вклучува собирање на најразлични отпадни материјали кои имаат потенцијал повторно да бидат искористени. Една од главните користи која произлегува од повторното искористување и рециклирање е зачувување на ресурсите. Друга предност на рециклирањето е намалување на ефектите кои настануваат како последица на искористување и трансформација на суровините (влијание на животната средина, потрошувачка на енергија и природни ресурси). Сепак оваа позитивна појава не се зема секогаш во предвид при проценка на околината. Главна причина за подршка за рециклирање, е имплементација на механизми кои ги земаат овие екстремни појави во предвид, а кои можат да помогнат во решавањето на проблемите на планетата Земја кои се присутни заради неодржливото искористување на ресурсите. Тука се поставува прашањето на кој начин би требало да се поттикне идејата за рециклирање. Начинот на кој се поттикнува рециклирањето, е различно во сите земји членки од Европската Унија.

Направена е анализа на тековите за искористени и рециклирани материјали во одредени OECD (Organisation for Economic Co-Operation and Development) земји која што се заснова на количината на отпадот. Проценките се базираат врз статистички податоци објавени од страна на организациите одговорни за собирање на вакви податоци, податоци од индустриите или податоци од постројките за повторно искористување на отпадот. Податоците за протокот на отпад за жал, се не комплетни и во многу земји постојат, но само за одредени материјали. Некои материјали можат повторно да бидат употребени или рециклирани и не поминуваат низ постројките за повторното искористување. Поради ова процесот за квалификација на овие материјали е потежок.

Главни материјали кој што се третираат за повторна употреба се:

- Органски материјали, дрво
- Хартија, картон
- Пластика
- Стакло
- Црни метали
- Обоени метали
- Текстил
- Батерии
- Отпад од електрична и електронска опрема
- Супстанции (Разредувачи)

2 Пазари на секундарни материјали

Во сите земји собирањето на комуналниот одпад и неопасен индустриски отпад е во пораст, а во многу земји на Европа (Австрија, Германија, Норвешка, Холандија), за комуналниот отпад изнесува повеќе од 45%. Регулативите во OECD земјите (со вовоедување на принципот на Проширена Одоворност на Производителите) а посебно во ЕУ земјите (директива за отпад, директива за застарени автомобили (делови од автомобили), директиви за батерии и акумулатори, директива за електронски отпад) поттикнуваат собирање и рециклирање на материјалите кој се јавуваат по и во текот на употребата на производот. Сепак неправилната транспозиција на Европските директиви во националното законодавство, и недостатокот на јасно дефинирани цели, доведоа до релативно различни ситуации во европските држави во поглед на селективното собирање на различни материјали, степенот на рециклирање и повторна употреба. Земјите од Северна Европа функционираат подобро од земјите во Јужна Европа и новите земји членки на Европската Унија.

Пазарите на материјали кои се создаваат со повторна употреба на материјалите, се развиваат и шират на меѓународно ниво. Раководството на Меѓународната Организација за рециклирање, проценува дека рециклирањето како индустрија вработува околу 1.5 милиони луѓе ширум светот и остварува приход од 160 милијарди долари. Врз основа на другите извршени проценки на пазарите, во Јапонија се проценува на 67 милијарди долари (2000год.), а пазарот во САД на 47.3 милијарди долари (2003год.), зголемувајќи го глобалното производство за повеќе од 500 милиони тони. Стапката на раст на употреба на секундарни материјали во Азиските земји, од кои некои прераснуваат во работилници за рециклирање на Западните земји, би требало да доведе до рапиден пораст на овие вредности. Се проценува дека големината на светскиот пазар на секундарни материјали во 2004 година изнесува 600 милиони тони.

Основен предуслов за процесот на рециклирање за било кој тип на материјали е добро организиран процес на сепарација на отпадот. Најсоодветен облик на сепарација е секако примарната сепарација или сепарација на отпадот на самото место на пример, во домаќинствата каде се остава отпадот во различни канти или контејнери за различни типови на отпад. Таков облик на сепарација во голема мера го поедноставува процесот на управување со отпад, со оглед на тоа што често е неопходен сложен процес на секундарна сепарација односно, сепарација по собирањето на измешан отпад.

Во многу развиени земји од Западна Европа, овој систем е заживеан од кој што директна корист имаат домаќинствата, а која корист се огледува во пониските цени на услугите за одлагање и депонирање на отпадот во однос на средините во кои не се применува примарната сепарација.

Земајќи ја во обзир просечната забележана цена на обновените остатоци на метал и рециклирани влакна од целулоза, вкупната вредност на овие светски пазари изнесува околу 100 милијарди долари.

Трговските бариери, дисперзираните пазари, недоволните информации, непроодност, манипулација на пазарите, проблеми со стандардите, различни спецификации (често во голем број) и квалитетот се фактори кои на многу учесници им прават проблеми. Недостатокот на точни и уредни статистички податоци, за количината на пластика, црни и обоени метали кои се собираат и повторно употребуваат е само еден пример. Вистинска разлика помеѓу користените суровини или секундарните материјали не постои во случај на некои директно употребени отпадни материјали, како што се стакло и некои метали.

Врз основа на статистички податоци врзани за количината на хартија, пластика и чаши од комуналниот отпад, се проценува дека во Европа износот на залихи, денеска е околу 50 милиони тони од кои 75% се наоѓа во Германија, Франција, Велика Британија,

Основен предуслов за процесот на рециклирање за било која врста на материјали е добро организиран процес на сепарација на отпадот. Најсоодветен облик на сепарација е секако примарната сепарација или сепарација на отпадот на самото место на пример, во домаќинствата каде се остава отпадот во различни канти или контејнери за различни типови на отпад. Таков облик на сепарација во голема мера го поедноставува процесот на управување со отпад, со оглед на тоа што често е неопходен сложен процес на секундарна сепарација односно, сепарација по собирањето на измешан отпад.

Во многу развиени земји од Западна Европа, овој систем е заживеан од кој што директна корист имаат домаќинствата, а која корист се огледува во пониските цени на услугите за одлагање и депонирање на отпадот во однос на средините во кои не се применува примарната сепарација.

Земајќи ја во обзир просечната забележана цена на обновените остатоци на метал и рециклирани влакна од целулоза, вкупната вредност на овие светски пазари изнесува околу 100 милијарди долари.

3 Сегашната состојба со управувањето со отпад во Република Македонија

Управувањето со отпадот е еден од најсериозните еколошки проблеми во Македонија. Општата политика за управување со отпадот, со цел да се надмине постојната состојба и да се воспостави одржлив систем за управување со отпадот, беше оформена во Законот за животна средина, во Националните еколошки акциони програми (надградбата на НЕАП во 2007 година) и особено во Законот за управување со отпад.

Националната стратегија за управување со отпад претставува документ што ја одразува македонската долгорочна политика за целите и за развивањето на мерки поврзани со прашањата на отпадот.

Општите стратешки и посебните цели во Националната стратегија за управување со отпад ги одразуваат обврските на сите делови на македонското општество за воспоставување на современ систем за управување со отпад, во кој ќе бидат вградени основните принципи за управување со отпад, ќе одговори на одредени специфики на животната средина на Македонија и ќе бара значителни промени во целото општество во насока на постапна изградба и работа на новиот технички систем на управување со отпад и пакет на меѓусебно поврзани мерки: политика и законодавство, институционална и организациска структура, човечки ресурси и капацитет, просторно планирање и заштита на животната средина, финансирање и поврат на трошоците, свест на инволвираните субјекти, собирање на податоци и информативен систем.



Пишува Фране Јовановски

ЗЕЛЕН ДИЗАЈН

РЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ И ПРОЦЕСОТ НА ДИЗАЈНИРАЊЕ

Дизајнот на животната средина првенствено се занимава со минимизирање на отпадот и намалување на количината на потрошена енергија и материјали во нашето општество кон одржливи нивоа. Со ова прв се позанимавал Richard Buckminster Fuller, кој во 1920 г. промовирал „наука на дизајнот", којашто се базирала на концептот „обезбедување на повеќе со помалку". Исто така, тој во 1950 година го промовирал терминот Spaceship Earth, односно планетата Земја – Вселенски брод, што ги поттикнало луѓето да имаат повеќе холистички став кон Планетата.

Други автори кои, исто така, придонесуваат за развој на идејата и подобро разбирање на ваквиот дизајн, којшто е пријателски настроен кон животната средина, е и Vance Packard (Ванс Пакард). Неговата книга The Waste Makers 1961 особено беше инкриминирачки настроена кон практиката на планирано стареење на производите. Оваа практика се базира на концепт на намерно ограничување на животниот циклус на производите, така што потрошувачите манипулативно се поттикнати да консумираат повеќе. На оваа тема се водат жестоки дебати за потрошувачката, глобалниот одржлив развој и индустриски дизајн.

Исто така, значаен автор кој прави релација помеѓу еколошката свест и самиот процес на дизајнирање е Victor Papanec (Design for a real world 1971). Тој ја нагласува потребата од радикални дизајнерски решенија што ќе бидат корисни за животната средина и ќе придонесат за нејзино зачувување.

Гледиштата и предупредувањата на овие луѓе и многу други вакви биле земени предвид посериозно во периодот на раните седумдесети години кога кризата за нафта ја зголемува грижата за ограниченият аспект на природните ресурси на Земјата. Во наредната деценија се случуваат неколку природни катастрофи предизвикани од човекот, во овој период се окрупнува индустријализацијата, со што се зголемува глобалното затоплување и се јавува се поитна потреба за Environmentaal Design – Green Design, односно Зелен дизајн. Дизајнот на животна средина станува се попознат како Зелен дизајн и го зема предвид целокупниот животен циклус на производот: од екстракцијата на сирови материјали и еколошкиот импакт врз нивното понатамошно процесирање, енергијата која се троши во производствениот процес, сите пропратни нус продукти, потребната енергија за дистрибуција и влијанието врз животната средина при дистрибуција на производот, должината на искористување на производот, можност за реновирање на производот за реупотребување или можноста да се рециклира и крајните ефекти кои се однесуваат на одложување на производот како отпад и на кој начин како тоа ќе биде направено.

Иако рециклирањето може да ја намали потрошувачката на енергија, не ја минимизира и на некои начини ја продолжува културата на фрлање на отпадоци за рециклирање, додека од друга страна продолженото времетраење на искористувањето на производите го минимизира отпадот и потрошувачката на енергија. Преку удвојување на употребниот животен век на производот, неговиот импакт врз животната средина двојно се намалува.

Пишува Ива Јовановиќ





Хамбург

Главен зелен европски град за 2011

Наградата „Европски главен зелен град“ е нова награда што ја постави Европската комисија. Следувајќи по Стокхолм во 2010, Хамбург ќе ја понесе титулата во 2011 како еден од првите два града кои ја примиле таа награда.

Ваквото признание претставува особена чест на градот кој има долга историја на стремеж кон исполнување на цели за заштита на животната средина. Истовремено ЕУ комисијата ја дизајнираше оваа награда за да охрабри размена на најдобри практики и да го подигне нивото на кооперација помеѓу градовите.

„Хамбург како град кој ја понесе наградата за 2011, особено покажа постигнувања во минатите години како и во сегашноста, постигна одлични стандарди за заштита на животната средина. Градот постави многу амбициозни планови за во иднина кои ветуваат дополнителни подобрувања.“

Ваков беше заклучокот на Комисијата која донесе одлука дека Хамбург е Европски главен зелен град за 2011 година. Ова признание е особена чест, но истовремено е и предизвик за да се продолжи со развојот. Хамбург беше избран во двофазна конкуренција. Во првата фаза беше избран од страна на независна комисија и втората фаза каде беше споредeн со другите конкурентни градови како: Копенхаген, Виена, Осло, Мунстер и Фреибург.

Во сите три категории Хамбург ги доби највисоките оцени. Во споредба со сите градови, Хамбург е репрезентативен примерок на севкупно достигнување при заштитата на животната средина. Градот Хамбург, исто така, ги оствари сите највисоки резултати во 12 категории вклучувајќи: заштита на климата, мобилност, квалитет на воздухот, менаџмент на отпад, вода и земја. Симултано Хамбург покажува и простор за подобрување и унапредување во речиси сите категории.

Планови и проекти

Како главен зелен град, Хамбург има интенција да креира широка европска платформа за размена на идеи помеѓу експертите и граѓаните, посветувајќи се на важни прашања во контекст на заштита на животната средина денес. Во овој поглед 2011 година треба да претставува година полна со креативност и нови идеи.

Инфо-павилјон

Информативниот павилјон се планира да биде поставен во центарот на градот и да биде централна точка за сите активности предвидени во 2011 година. Сите посетители, туристи и граѓани можат да се интересираат и да добијат информации за сите цели, планови и визии на Главниот европски зелен град 2011 г. Во овој Инфо павилјон ќе биде поставена постојана изложба која ќе има за цел да ги едуцира посетителите за идните обиди на градот Хамбург во контекст на заштита на животната средина во годините кои доаѓаат. Во рамките на павилјонот, исто така, ќе има и тематски изложби со најразлични теми од областа.

Локално доживување на животната средина

Во 2011 г. граѓаните и посетителите на Хамбург ќе можат да ги доживеат еколошките практики на Хамбург, како во руралните делови, така и во централниот дел на градот. Посетителите можат да го истражат широкиот дијапазон на извонредни проекти за животната средина кои ги нуди градот Хамбург, преку возење на велосипед, пешачење или употреба на јавниот транспорт. Посетителите на овој начин стануваат сведоци на предизвиците со кои се судира Хамбург за заштита на животната средина.



Настани

Градот Хамбург организира голем опсег на еко-настани и активности од сега до крајот на 2011 година. Меѓу нив се вбројуваат: Environmental Youth Summit како и International Environmental Law Conference, со учесници од сите страни на светот. Во рамките на овие настани се организирани работилници кои се фокусираат на теми како што се мобилност и иднина при заштита на животната средина и сл. Исто така, ќе биде публикуван и водич којшто ќе не води при дизајнирањето на пријателски настроени настани за животната средина.

Преземено: http://www.hamburg.de

ЕКО - КУЌИ



1. Зошто еко - куќа?

Градежната индустрија не само што стана најголем консумент на материјали и енергија, исто така стана и извор на загадување преку производството на градежните материјали и употребата на загадувачки материи.

2. Материјали за изградба на објектите

Во време кога свесноста за околината станува се попопуларно прашање и произведувачите на градежни материјали се принудени да бидат посвесни за околината, очигледно е значајно да бидат запознати со алтернативите на еколошките материјали, производство на градежни елементи од природни продукти коишто ќе можат да бидат замена за класичните архитектонски елементи. Еден од начините за производство на овие еколошки градежни елементи е употребата на прифатливи композитни материјали, кои ќе бидат на база на природни влакна или зајакнати со други природни продукти од обновливи ресурси, а како врзивен материјал ќе користат полимер кој може да се рециклира или којшто е биоразградлив. Настојувањата за зголемување на свесноста за животната средина, примената на многу нови технички знаења и употребата на традиционалниот начин на градење, како што е ориентацијата кон Сонцето, ги мотивира многу од сопствениците да градат еколошки куќи на мали простори. Еко-куќите се блиску поврзани со нивното место, општество, клима, регион и планетата.

3. Што е еко - куќа?

Еко-куќите се првиот чекор кон културата на одржливо и одговорно градење. Тие не само што употребуваат природни материјали, кои штедат енергија и не ја загадуваат околината, туку и претставуваат мали оази кои им нудат на нивните жители висок квалитетен живот. Постојат бројни примери кои покажуваат како еколошките куќи, можат да бидат пријатни архитектонски живеалишта, без разлика на материјалот користен при градбата, камен, дрво или тула. Големата разновидност на еколошки материјал, кој е достапен, им овозможува на архитектите избор на сопствен, одреден пристап. И покрај архитектонските аномалии, овие куќи се градени на начин да ја почитуваат околината, всушност тие го поставија темелот на идните градби.

4. Еко - куќата, пријатно живеалиште

Куќата, поради сите овие причини, е повеќе од едно место. Таа е фрагмент на „конструктивна одговорност“, бидејќи не треба само да ги заштити своите гости, туку и да ги почитува еколошките ресурси на човештвото. Во таа смисла, се поставува прашањето дали во нашиот моментален свет има можност да се создаде одредена рамнотежа помеѓу влијанијата кои ги генерира архитектурата и одржувањето на недопрена животна средина. За среќа, со јакнење на свеста за односот кон околината, со воведувањето на повеќе и нови технички знаења, со примена на традиционален начин на градење, расте и бројот на сопственици на еколошки куќи. Овие мали еко-куќи го претставуваат првиот чекор кон културата на одржливи и одговорни градби. Тоа не се заснова само на употреба на природни материјали кои ја чуваат енергијата и не ја загадуваат околината, туку и во создавање на мала оаза која на своите станари им нуди висок квалитет на живеење.

5. Што ја прави еколошка одредената куќа?

Всушност тоа е, без сомневање, користењето на обновувачки извори на енергија, како и користењето на различни методи за чување на енергијата. Поголемиот број на еко-куќи се опремени со колектори за топла вода, соларна инсталација, акумулатори, мали електрични бојлери. Од пионерите во изградбата на еко-куќите, ги

научивме стандардите на градбата со кои се почитува околината. Тоа се куќи кај кои практично енергијата е самодостапна или „пасивно“ дома.

6. Што ја прави една еко-куќа пасивна?

- Компактна форма (приземна, еднокатна куќа) и добра изолација,
- Јужна ориентација и водење на грижа за сенки и засенување, големи прозорци кон исток - ниеден кон запад
- Енергетски ефикасни прозорски стакла и рамки
- Пасивно претходно загревање на донесениот свеж воздух
- Високо ефикасно враќање на топлината преку потрошениот воздух користејќи топлински разменувач воздух - воздух
- Обезбедување на резерви на топла вода, користејќи регенеративни извори на енергија. Тоа може да се обезбеди преку еден полупокрив кон исток за сончеви колектори
- Апарати во домаќинството кои заштедуваат енергија
- За нивна изградба се користат, пред се, природни материјали и рециклирани, како и примена на автохтони градежни материјали

Архитектурата на Rolf Disch го одржува односот помеѓу функционалноста, екологијата и дизајнот, а тоа се смета за авангарда од страна на професионалната заедница. Потребата да ја промени таа визија од утописки сон во секојдневна реалност е појдовна премиса на архитектонската работа на Disch и неговиот тим. Нивната архитектура се заснова на:

- Куќи кои произведуваат повеќе енергија од онаа што им е потребна на нивните станари
- Да се подобри квалитетот на живеење со помош на одржлив градежен материјал
- Соларната енергија како примарен извор на енергија

Екологистот Алдо Леополд вели : “Нештото е исправно кога настојува да го зачува интегритетот, стабилноста и убавината на биотичката заедница. Погрешно е кога настојува спротивно на ова”.

Пишува Езерка Стрезовска асистент на Архитектонски факултет - Скопје









ПРОМЕНИ НА КЛИМАТА

Сите досегашни сознанија од различни научни области јасно ја потврдуваат сеоспореноста за постоење на промени на климата низ историјата на нашата планета. Тие промени, главно се условени од природните, а во последно време и од антропогените фактори. Сите промени на климата случени во минатото или денес меѓусебно се поврзани и многу значајни како крајни резултати за прогноза на идните климатски промени. Кога зборуваме за промени на климата, всушност станува збор за: климатските колебања, климатските циклуси и климатските тенденции. Постојат бројни претпоставки кои ги појаснуваат промените на климите низ минатото, од геолошки и историски аспект. Овие претпоставки или хипотези, Б. Алисов и Б. Полтараус ги класифицираат во 3 групи:

- Астрономски хипотези (ги поврзуваат со промените во Земјината орбита (форми и положби во просторот), и со поместување на оската на ротација на Земјата.
- Физички хипотези (ги поврзуваат промените на климите на Земјата и ги објаснуваат со: промена на количеството и својствата на сончевата радијација која допира до површината на Земјата како резултат на развојот и физичките промени на Сонцето, промените во составот на Земјината атмосфера и процесите кои притоа настануваат.
- Геолошко-географски хипотези (ги поврзуваат со тектонските процеси и тоа со: создавање на големи издигнувања на Земјината кора, промени на копното и морето (нивната положба) промени во насоките и моќта на морските струи.

Сите физички хипотези, промената на климата ги објаснува со промена во Земјината атмосфера, на пример, со зголемување или намалување на количеството CO_2 во атмосферата. Тоа условува зголемување т.е. намалување на таа содржина за време на топлите, односно ладните периоди. Промените на климата некои климатолози ги доведуваат во врска и со промената на сончевата радијација, со активноста на Сонцето која има циклично колебање, со вулканските ерупции итн.

Антропогеното радиоактивно загадување на воздухот настанува во текот на разни фази на работа на нуклеарните реактори, хемиското обновување на потрошеното нуклеарно гориво, од радиоактивните отпадоци и од пробите на атомските оружја. Сите радиоактивни материи, ако се најдат во атмосферата со посредство на атмосферската циркулација стигнуваат до сите точки на површината на Земјата, а на тој начин радиоактивноста станува светски проблем. Радиоактивноста предизвикува телесни дефекти кај луѓето, а генетички кај нивните потомци.

Главни загадувачи на воздухот се: оксидите на јаглерод, испарливите органски материи, оксидите на азот, сулфур, смог и суспендираните материи. Оксиди на јаглеродот: Преку дишењето, живите организми ослободуваат јаглерод диоксид CO_2 во атмосферата, а преку фотосинтезата, растенијата го користат CO_2. Други природни извори на CO_2 се: шумските пожари и вулканската активност. Исто така и со согорувањето на фосилните горива, јагленот и маслата, се ослободува CO_2 во атмосферата. Околу 55% од овој CO_2 останува во атмосферата, а поголемиот дел од остатокот се раствора во океанската вода.

Денес, концентрацијата на CO_2 во атмосферата е околу 345 ppm и се зголемува со стапка од околу 16 ppm за една деценија. Ваквото присуство и зголемување на CO_2 во атмосферата може да влијае и врз светската клима. Најважниот природен извор на атмосферски јаглерод моноксид, CO, е комбинација на кислород со метан или други испарливи органски состојки. Тој се отстранува од атмосферата со активност на некои почвени микроорганизми. Резултатот од ова е средната концентрација на CO во северната хемисфера помалку од 0,15ppm. Главниот извор на јаглерод моноксид, кој потекнува од човековата активност, се издувните гасови од возилата. Доколку се вдише јаглерод моноксид, предизвикува поспаност, слаби рефлекси и неможност за донесување одлуки, при висока концентрација настанува смрт.

Со напредокот на новите технологии и опрема се воспоставуваат нови методи и начини за мерење на климатските промени. Intergovernmental Panel on Climate Change (IPCC) има направено анализа и во склоп на анализата постојат шест можни сценарија. Според тие анализи заклучиле дека концентрацијата на CO_2 ќе се зголеми за 90% според најниското сценарио, а 250% според највисокото сценарио, во однос на концентрацијата во 1750 година. Температурата на Земјината топка од 1990 до 2100 година е предвидено дека може да се покачи за 1,4 до 5,8 C°. Прогнозите покажуваат дека на секој 10 години ќе има од 0,1 до 0,2C° покачување на температурата на Земјата. Исто така во можност е да се покачи нивото на морето од 9 до 88 см од 1990-2100 година. Климатските промени и последиците од нив, по географските широчини нема да бидат рамномерни. Се очекува ледените маси и снежните покривки на северната хемисфера да се намалат, а на јужната хемисфера да се зголемат поради распоредувањето на ветровите и врнежите.

ПОСЛЕДИЦИ ОД КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

Најновите последици од климатските промени, особено зголемувањето на температурата, го дестабилизираа процесот на развивање на многу природни физиолошки и биолошки системи кои се битни за човековото живеење. Во регионите каде што е застапена голема ледена маса е утврдено веќе интензивно топење на глечерите и до нивно брзо исчезнување од нивното постоење, доцнење на замрзнување и поранување на топењето мраз во реките и езерата и настанување до поплавување на локалното население, земјоделските површини како и исчезнување на некои растителни и животински родови и настанување на природни катастрофи кои во иднина се штетни за нас и за целиот животински свет. Поради овие последици, настанати пред се од човекот, се вршат во голем број внатрешно/надворешни миграции што резултира врз социоекономскиот карактер.

Ќе наведеме некои поконкретни прогнози за Европа:

- Намалување на водните ресурси, слаба влага во почвата и подолги лета во Јужна Европа. Околу половина алпски глечери и границата на снежната покривка би се покачила, а дури на некои места и би исчезнала снежната покривка до крајот на 21век.
- Нарушувањето на температурата ќе се одрази со почести поголеми поплави на реките и ерозии во крајбрежните површини, со последици за населението, индустријата и земјоделството
- Голем број негативни ефекти во Македонија, а најмногу во секторите за: земјоделство, шумарство, биодиверзитетот, хидролошките ресурси и др.

СЦЕНАРИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Проекциите за промена на среднодневната температура на воздухот и врнежите за сите сезони и на годишно ниво за различни климатски подрегиони на Република Македонија се засновани врз проекциите за резултатите од четири ГЦМ со утврден размер за сите емисиски сценарија.

Во југоисточниот регион на Р. Македонија под доминантното влијание на субмедитаранска клима (претставен преку станиците Гевгелија и Нов Дојран) до крајот на 21 век се очекува мало опаѓање на врнежите во зимскиот период. По интензивно намалување на врнежите се очекува во сите други сезони. Инаку, драстично зголемување на температурата на воздухот се предвидува во летниот период. Разликата помеѓу зголемувањето на температурата на воздухот во зимскиот и зголемувањето на температурата во летниот период е особено очигледно во овој регион.

Централниот регион на Р. Македонија, кој е под комбинирано влијание на континентална и субмедитеранска клима (претставен преку станиците Велес, Скопје-Петровец, Струмица и Штип) има поинтензивни температурни промени во зима и помалку интензивни во лето и есен, во споредба со југоисточниот дел на Р. Македонија. Највисок пораст на температурата на воздухот од 5,4 C° се очекува во лето до 2100 година. Практично не се очекуваат промени на врнежите во зима, а се очекува намалување во сите други сезони, достигнувајќи максимална вредност во летниот период.

Во јужниот регион, претставен преку Битола и Прилеп, промени на врнежите речиси воопшто не се очекуваат во зима, а се очекува намалување во другите сезони, најинтензивно во лето. Мал пораст во температурните промени за овој регион се очекува во споредба со регионите под влијание на субмедитеранска клима. Од друга страна, проекциите за температурни промени за југозападниот регион, претставен преку Охрид и Ресен, се многу пониски отколку за регионот претставен преку Битола и Прилеп. Покрај тоа извесен пораст на врнежите се очекува во зима, но и евидентно опаѓање во другите сезони. Различниот одговор во овие два региона кон големата променливост на климата би можел да се поврзе со близината на големите водени тела (Преспанско и Охридско Езеро) во случајот со станиците Ресен и Охрид.

Во источниот дел на Р. Македонија под доминантното влијание на континенталната клима, претставен преку станиците Берово и Крива Паланка, се очекува извесен пораст на врнежите во зима, но опаѓањето во сите други сезони е најинтензивно, особено во лето.

Трите климатски поттипови во северозападниот дел на Р. Македонија под доминантно влијание на алпската клима претставени преку станиците Лазарополе, Попова Шапка и Солунска Глава, имаат многу слични проекции за промени на температурата на воздухот и врнежите. Проектираните промени на температурата на воздухот се најизразени во овој регион во земјата, но разликите меѓу сезоните не се значајни. Драстичните температурни промени имаат силно еколошко влијание особено во најчувствителните сектори.

Со цел ублажување на негативните влијанија на климатските промени врз споменатите сектори, мора да се одговори на приоритетите за приспособување во рамките на меѓусекторскиот национален план. За земјите во развој, како што е Р. Македонија кои немаат значителен придонес во глобалните емисии на стаклени гасови, адаптацијата е потреба и приоритет. Сепак, на Земјата ќе и биде потребна меѓународна помош со цел да го подобри капацитетот за приспособување на климатските промени и исто така да ги применува потребните стратегии за приспособување. За овие предизвици треба да имаат слух соодветните институции, но најмногу треба да одговори населението кое што ги чувствува влијанијата од климатските промени.



Пишува Фране Јовановски

ГЛОБАЛНО ЗАТОПЛУВАЊЕ И ПРОМЕНИ ВО ЈАНУАРИ

ЕФЕКТ НА СТАКЛЕНА ГРАДИНА

Глобално затоплување е зголемувањето на просечната температура на воздухот близу до површината на Земјата и на океаните од средината на 20 век и неговото проектирано продолжување. Меѓувладиниот панел за климатските промени (IPCC) заклучува дека набљудуваниот пораст на температурата од средината на 20 век најмногу се должи на постојаниот пораст на концентрации на гасовите кои го создаваат ефектот на стаклена градина, а се резултат на низа човекови активности како согорувањето на фосилното гориво и уништувањето на шумите. Имено, проекциите на климатски модел изложени во извештајот на IPCC покажуваат дека глобалната температура на Земјината површина најверојатно ќе се зголеми за 1,1 – 6,4 °C во текот на 21 век.

Несигурноста на оваа проценка произлегува од употребата на модели со различна сензибилност на концентрациите на гасовите кои предизвикуваат ефект на стаклена градина и употребата на различни проценки за идните емисии на овие гасови. Најголемиот дел студии и истражувања се фокусираат на периодот до 2100 година, меѓутоа се очекува глобалното затоплување да продолжи и понатаму дури и ако емисиите на гасови се прекинат. Тоа се должи на големиот капацитет на затоплување на океаните и долговечноста на јаглеродниот диоксид во атмосферата. Зголемувањето на глобалната температура ќе предизвика нивоата на морињата да се зголемат и ќе се промени количеството и распоредот на врнежите. Се очекува затоплувањето да биде најголемо на Арктикот и би било проследено со континуирано повлекување на глечерите, вечниот мраз (permafrost) и морскиот мраз.

Други веројатни ефекти претставуваат промените во зачестеноста и интензитетот на екстремните временски услови, изумирањето на повеќе видови и промени во земјоделските приноси. Затоплувањето и поврзаните промени ќе се разликуваат во различни региони во светот, иако природата на овие регионални варијации е неодредена.

Политичката и јавната дебата континуирано го разгледува глобалното затоплување, неговите причинители и кои дејствија да се преземат како одговор. Повеќето национални влади (187 држави до крајот на 2009 година) веќе го имаат потпишано Кјото протоколот наменет за намалувањето на емисијата на штетните гасови.

Набљудување и регистрирање на климатските промени

Доказите за затоплувањето на климатскиот систем ги опфаќаат набљудуваните зголемувања на глобалните просечни температури на воздухот и океаните, големото топење на снегот и мразот и зголемувањето на глобалното просечно ниво на морето. Највообичаена мерка на глобалното затоплување е движењето на просечните температури блиску до Земјината површина. Изразено како линеарно движење, оваа температура се зголеми за 0.74 ± 0.18 °C во периодот 1906-2005 година, меѓутоа брзината на затоплувањето за време на втората половина од овој период беше речиси дупла во однос на периодот во целост. Температурите во пониската тропосфера се зголемија меѓу 0,13 и 0,22 °C по деценија од 1979 година, според сателитските мерења на температурата.

Се верува дека температурата била релативно стабилна во период од две илјади години пред 1850 година, со регионални варирачки флуктуации како што се средновековниот топол период и малата ледена доба. Проценките на Институтот за вселенски проучувања на НАСА, Goddard, и националниот Центар за климатски податоци покажуваат дека 2005 г. беше најтоплата година. Глобалната температура е подложна на краткорочни флуктуации кои прикриваат долгорочни движења и можат привремено да ги маскираат. Релативната стабилност на температурата од 2002 до 2009 година претставува една таква епизода. Температурните промени се различни низ светот. Од 1979 година температурите на Земјата се зголемија за два пати побрзо отколку температурите на океаните. Исто така северната хемисфера се затоплува побрзо од јужната, бидејќи има по-

веќе копно и поголеми области со сезонски снег и покривка од мраз во морето. Термалната инерција на океаните и бавните одговори на другите индиректни ефекти значат дека на климата и се потребни векови за да се прилагоди на промените во форсирањето. Проучувањата на климата покажуваат дека дури и ако гасовите со ефект на стаклена градина се стабилизираат на нивото од 2000 година, сепак би се појавило понатамошно затоплување од околу 0,5°C.

Кои гасови предизвикуваат ефект на стаклена градина? Од каде произлегуваат и како се променуваат?

Многу гасови со ефект на стаклена градина, како водената пареа и јаглеродниот диоксид (CO_2), се појавуваат природно. Меѓутоа согорувањето на фосилните горива и другите активности на човекот додаваат огромни количини CO_2 и други гасови на природната мешавина со побрзо темпо од кога и да е порано. Други важни гасови кои предизвикуваат ефект на стаклена градина произведени од човековите активности се метанот (CH_4), азотен оксид (N_2O), флуоро-водороден јагленород (HFC) и сулфур хексафлуорид (SF_6).

Од 1750 година, атмосферските концентрации на CO_2, CH_4 и N_2O се зголемија за 36%, 148% и 18%. Научниците заклучија дека ова примарно се должи на човековите активности.

Кои се последиците од глобалното затоплување?

- Топлински бранови и периоди на невообичаено топло време
- Затоплување на океаните, зголемување на морското ниво и крајбрежни поплави
- Топење на глечерите
- Затоплување на Арктик и Антарктик
- Ширење на болести
- Порано пристигнување на пролетта
- Опсегот на животните и растенијата се менува, исто како и популацијата
- Белење на коралните гребени
- Дождови, обилни снежни врнежи и поплави
- Суши и пожари

Како климатските промени влијаат на екосистемите?

Некои екосистеми веќе биле под влијание на климатските промени. Како што климата продолжува да се затоплува, главните промени можат да се појават во структурата и функцијата на екосистемот, еколошките интеракции и географските опфати на видовите со претежно негативни последици за био-разновидноста. Потоплите температури и промената на врнежите, најверојатно, ќе влијаат на средината и миграциските шеми врз многу видови на диви животни. Опсегот на распоредување на многу видови ќе се промени, со што некои видови кои не можат да се движат или да се прилагодат можат да се соочат со изумирање. Зголемените поплави и суши, како дел од климатските промени, се предвидува дека ќе го зголемат ризикот за уништување на низа растителни и животински видови.

Примери од природата: Глечерот Athabasca во Канада

Глечерот Athabasca се наоѓа во канадските карпести планини и како резултат на глобалното затоплување и климатските промени динамично се повлекува со стапка од 2-3 метри годишно. Така, во изминатите 125 години, овој глечер се повлекол за повеќе од 1,5 километри и загубил повеќе од половината од својот волумен. Овој глечер, кој наедно е и најпосетениот во Северна Америка и претставува туристичка атракција, денес е долг 6 km и зафаќа површина од околу 6 km^2. Меѓутоа, со динамиката на климатски промени можно е за два до три века да дојде до негово целосно топење.



Глечер "Athabasca" во Канада (1917 и 2005 година)



Пишува Александар Кирковски,
професор по географија во СГГУ
„Здравко Цветковски" – Скопје

Хибридни автомобили

Возила пријателски расположени кон животната средина

Хибридните автомобили се автомобили кои користат два извора на погон: електрични извори и мотор со внатрешно согорување за да може да се придвижи возилото. Хибридите не се ништо ново. Што се однесува, пак, до грижата за стаклени гасови и ефектите врз животната средина, хибридните возила се повеќе популарни и поважни од кога и да е досега.

Што е хибриден автомобил?

Поимот хибриден автомобил се дефинира како возило кое користи два извора на енергија при движење. Хибридните автомобили го користат електричниот мотор за возење во градот и приградските возења и моторот со внатрешно согорување што може да го користи возилото за на автопат.




Електричниот мотор се напојува со батерии кои автоматски се надополнуваат додека се вози возилото. Ова се неколку ефикасни карактеристики на хибридните возила:

- Хибридите имаат помали и поефикасни мотори. Тие користат регенеративно кочење
- Периодично моторно исклучување - кога возилото е запрено на црвено светло, моторот е исклучен. Штом ќе се стави автомобилот во брзина, моторот автоматски се вклучува.
- Хибридите се со аеродинамичен дизајн за да се елиминира отпорот при движење на возилото.
- Хибридите користат ниски автомобилски гуми кои имаат мал отпор на патот. Тие се потврди и имаат помалку отпор од конвенционалните гуми.
- Хибридите се направени од лесни материјали. Ова помага да се зголеми ефикасноста во движењето.

Од зелена гледна точка, хибриден автомобил е најдобра опција за избор. Да се биде зелен е предност, не само што се штедат пари, туку и сето тоа има влијание врз животната средина и нејзината одржливост.

Уредувачки колегиум



Неколку начини како да се биде зелен на работното место

Со овие едноставни зелени совети вие: штедите енергија, пари и ресурси.

Хартија и печатењена производи

Во секоја работна просторија се користи голема количина на хартија. Овие совети ќе ви помогнат во намалување на количината на хартија која секојдневно се употребува.



Користете ги двете страни на хартија: Кога правите копија од некој документ, копирајте двострано. Вака потрошувачката на хартија се намалува за полвина. **Реупотреби ја старата искористена хартија.**

Повторна употреба на картонски кутии: Картонската кутија која сте ја добиле со некоја пратка, зачувајте ја и искористете ја за складирање на канцелариски материјал, или за повторно испраќање на некоја пратка.

Рециклирајте ја искористената хартија. Собирајте во канцеларијата на едно место хартија која веќе не е потребна. Вака собраната хартија дистрибуирајте ја во центарот за рециклирање.

Избегнувајте печатење во боја: печатење во боја обично користи повеќе мастило, подобро е да се печати во црно и бело, кога е тоа возможно.

Направете мудра набавка на хартија: Купувајте хартија за чие производство не е користен хлор. Внимавајте хартијата да е произведена според сите стандарди за зачувување на животната средина. Голем процент од хартијата нека биде произведем од рециклирана хартија.

Купувај рециклиран тонер за принтерот: Тонерите придонесуваат многу метал и пластика да се таложи на отпадните депонии. За да се ублажи ваквиот товар врз животната средина употребувајте поволни тонери. Тоа се тонери веќе искоритени но се повторно наполнети со мастило. Покрај тоа што за половина го намалувате отпадот, заштедувате многу, бидејќи рециклираните тонери чинат половина цена од новите.

Дистрибуирај документи преку е-пошта. Сите документи кои треба да бидат испратени, испраќајте ги преку електронска пошта.
Овозможи им на вработените да имаат **он лајн пристап** до сите весници, магазини, прирачници и други документи.

Транспорт

Како ќе одите на работа, со каков превоз во голема мера има придонес во зачувувањето или загадувањето на животната средина.

Поттикнување на вработените да одат пеш или со велосипед на работа. **Бонус за зелени патници**: Ако вработените се согласуваат да одат пеш или со велосипед, или со јавен превоз до работа, може да им се понуди мал бонус за поттикнување. **Хибридни возила** – за службени возила. **Видеоконференција**: Секогаш кога е можно, обидете се да направите видеоконференција, наместо да патуваат на состаноци. **Безбедно пакинг место за велосипед**: со цел да се поттикне овој начин на транспорт убаво е да им се обезбеди на вработените безбедни паркинг места за нивните велосипеди.

Опрема

Производство на канцелариска опрема во голема мера придонесува за намалување на квалитетот на воздухот и загадување на животната средина. Земете ги во предвид овие совети за опремување на вашата канцеларија.

Размислете за **купување на поволен мебел и канцелариска опрема**.
Исклучете ги сите електронски уреди кога не се во употреба, или по завршување на работниот ден.
Рециклирајте го Вашиот е-отпад. Мобилни телефони, компјутери, принтери и друга опрема често може да се рециклираат.
Информирајте се дали постојат пунктови за рециклирање на е- отпад.
Купувајте висококвалитетна канцелариска опрема. Кога купувате опрема, не заборавајте да купите нешто што ќе трае и што не застарува брзо.


На овој начин ќе се намалат рошоците за повторно купување и количината на отпад.

Електрична енергија

Минимални промени можат да напарват огромна разлика во потрошувачката на енергија. Намалете ги за степен грејните или разладните тела и на тој начин за зачувувате животната средина и ја намалувате сметката за електрична енергија.

Промена на термостатот: Поставете го термостатот неколку степени пониско во зима и неколку степени повисоко во лето. Постави **енергетски ефикасни светилки**: Тие се поефикасни и траат многу подолго отколку традиционалните светилки. **Исклучување на светлата кога не се во употреба**: Побарајте од вашите вработени да ги исклучат светлата кога тие ќе заминат. Инвестирајте во автоматски прекинувачи во просториите како што се бањата и магацинските простори, така што тие ќе се вклучат или исклучат кога некој влегува или излегува од просторијата. **Искористете ги предностите на природно осветлување**: Поставете прозорци изработени така што ќе може да се користи природната дневната светлина, наместо електрично осветлување.

Компјутери



Како и другите апарати, компјутери можат да бидат големи енергетски потрошувачи.

Исклучете ги компјутери кога не се во употреба: Поттикнувај ги вработените на крајот од денот да ги исклучуваат своите компјутери.
Купувај квалитетно: Квалитетните компјутери траат пофдолго и на тој начин придонесувате за намалување на е-отпадот.
Купувај енергетски ефикасни производи: не заборавајте да прашате дали ваште компјутери се енергетски ефикасни. Во текот на работниот ден, подеси го компјутерот автоматски да премине во **sleep mode**, при кратки паузи. Вака заштедуваш дури до 70 % електрична енергија.
Користете лап-топ компјутери: Размислете за купување на лап-топ компјутери, наместо десктоп, кои што генерално користат. помалку енергија и се поефикасно направени.





GoGreen

www.bidizelen.org